Кај цинкот, кој речиси двојно ја зголеми својата цена за период од една година на ниво од околу 2.300 САД$, причината за порастот лежи во генерално зголемената побарувачка поткрепена со стравот од недостигот во снабдувањето на одредени метали. Загриженоста произлегува од честите нарушувања на пазарот во делот на производството, како на пример штрајковите во три од петте најголеми рудници во Перу (оваа земја произведува 12% од светските количини на цинк и е најголем снабдувач на пазарот во САД). На пазарот на цинк во моментов се чувствува недостиг, што значи дека се троши повеќе отколку што се произведува, што секако ќе влијае врз натамошното држење на цените на овој метал на повисоко ниво.

## 2. НАДВОРЕШЕН СЕКТОР

### 2.1. Надворешно-трговска размена

Надворешно-трговската размена на Република Македонија во февруари 2006 година забележа зголемување на месечна основа за 7,9%, додека во споредба со истиот месец претходната година таа е намалена за 11,7%. Притоа, извозот во споредба со претходниот месец се зголеми за 20,3%, а увозот на стоки е приближно на истото ниво. Остварениот трговски дефицит во февруари изнесува 40,6 милиони САД долари и е помал за 25,2 милиони долари од дефицитот остварен во првиот месец од годината, со што и месечната покриеност на увозот со извоз е подобрена за 13,3 процентни поени и изнесува 78,4%.

Анализирано на годишно ниво, во првите два месеци од 2006 година се забележува намалување на извозот на стоки за 11,1% во споредба со истиот период од 2005 година. Истовремено, намалениот увоз за 13,1% резултираше во намалување на дефицитот во размената со странство за 23 милиони долари од тој во 2005 и истиот изнесува 106,4 мили-

они долари. Степенот на покриеност на увозот со извоз на стоки на годишно ниво е повисок за 1,6 процентни поени и изнесува 71,8%.

Надворешно трговска размена (во милиони САД долари)




Извор: Државен завод за статистика

Намалувањето на извозот во првите два месеци од 2006 година, во споредба со истиот период од минатата, се должи пред се на намалениот извоз (количински и вредносно) кај две носечки извозни гранки, и тоа кај железото и челикот за околу 28 милиони долари, или 27,5%, и кај тутунот и преработките од тутун за 14 милиони долари, или 55,4%. Намалување забележа и извозот на облека за 2,1 милиони долари или 2,7%. Позитивни промени се забележуваат кај извозот на нафта, кој е зголемен за 7,7 милиони долари, или 47,4%, извозот на метална руда и метални отпадоци за 4,2 милиони долари или 252,4%, извозот на овошје и зеленчук за 1,9 милиони долари или 28% итн. Овие шест групи производи сочинуваат 75% од вкупниот извоз на државата.

Извоз на поважни производи по СМТК (во $)

| | I-II/2005 | I-II/2006 | Промена | Стапки во (%) | Структура во % I-II/2005 | I-II/2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Облека | 78.523.727 | 76.398.159 | -2.125.569 | -2.7 | 25.8 | 28.2 |
| Железо и челик | 101.778.495 | 73.751.737 | -28.026.758 | -27.5 | 33.4 | 27.2 |
| Нафта и произ. од нафта | 16.272.356 | 23.979.520 | 7.707.164 | 47.4 | 5.3 | 8.9 |
| Тутун и преработ. од тутун | 25.257.434 | 11.253.444 | -14.003.990 | -55.4 | 8.3 | 4.2 |
| Пијалоци | 9.108.867 | 8.904.742 | -204.125 | -2.2 | 3.0 | 3.3 |
| Овошје и зеленчук | 6.823.874 | 8.735.354 | 1.911.480 | 28.0 | 2.2 | 3.2 |
| Вкупно | 237.764.753 | 203.022.956 | -34.741.797 | -14.6 | 78.1 | 75.0 |
| Вкупен извоз на РМ | 304.461.934 | 270.668.761 | -33.793.173 | -11.1 | 100.0 | 100.0 |

Извор: Државен завод за статистика

Во првите два месеци од 2006 година 57,9% од вкупно извезените стоки се пласирани на пазарот на Европска Унија, а 48,2% од вкупно увезените стоки во Република Македонија се со потекло од оваа интеграција. Извозот на стоки во Европска

Извоз на поважни производи по СМТК (во %)




Извор: Државен завод за статистика

Унија е намален за 23,2%, а увозот за 6,2%. Германија, Србија и Црна Гора, Грција, Италија, Хрватска и Бугарија се наши најголеми партнери, чие учество во вкупниот извоз изнесува 74,3%.

Главни увозни производи (според СМТК) во периодот јануари–февруари 2006 се нафта и производи од нафта, текстилни предива, друмски возила, железо и челик, телекомуникациони апарати, електрични машини и делови. Околу 30% од трговскиот дефицит на земјата во анализираниот период е остварен во трговската размена со Бугарија, Турција, Романија и Украина.

НТР – земји со договори за слободна трговија




2. Анализата на валутната структура на надворешно–трговската размена на Република Македонија покажува намалување на извозот реализиран во евра за 22,3 милиони евра, односно 12%, како и на увозот за 17,9 милиони евра, односно 7,4%. Во исто време, како резултат на размената со нови пазари, извозот на „доларскиот„ пазар бележи зголемување за 12,4 милиони долари или 21,2%, додека, спротивно на досегашните тенденции увозот од доларските подрачја е намален за околу 10 милиони долари или 8,8%.

Оствареното негативно салдо од надворешно-трговската размена е помало од тоа во истиот период претходната година. И покрај тоа што делот од дефицитот што е остварен во евра се зголеми за 4,4 милиони евра (или за 8%), истовременото намалу–

**НАДВОРЕШНО - ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија**
(по валути)

| извоз | I-II 2005 | | | | | I-II 2006 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | струк–тура во % | 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | струк–тура во % | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
| EUR | 230 | 188.126.637 | 61.3956 | 11,427,356,548 | 80.3 | 216 | 163.833.803 | 61.2179 | 10,029,561,372 | 72.6 | -22,292,834 | -12.0 |
| USD | 93 | 58,207,054 | 46.9268 | 2,731,470,774 | 19.2 | 108 | 70,565,954 | 51.2317 | 3,615,213,778 | 26.2 | 12,358,900 | 21.2 |
| EUR+USD | 323 | | | 14,158,827,322 | 99.4 | 324 | | | 13,644,775,150 | 98.8 | | |
| Вк. извоз | **324** | | | **14,237,747,157** | **100.0** | **325** | | | **13,814,414,057** | **100.0** | | **-3.0** |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

вање на доларскиот дел на дефицитот за 22,5 милиони долари (или за 39,8%) резултираше во намалување на вкупниот дефицит изразен во денари за околу 10%.

## 2.2. Надворешен долг

Надворешниот долг врз основа на долгорочни кредити и заеми на крајот на февруари изнесуваше 1.981 милиони долари, и во однос на јануари е зголемен за 9 милиони долари. Месечното зголемување на долгот во најголем дел се должи на повисокиот износ на користени средства од платената главница на долгот.

Движење на надворешниот долг и курсот на САД$




Извор: НБРМ

Во структурата на долгот по кредитори учеството на мултилатералните кредитори изнесува повеќе од една половина (53,3%), од кои најголем дел се ИДА, ИБРД, ЕИБ и ЕУ. Билатералните кредитори учествуваат со 9,8%, а приватните кредитори со 36,8%.

Во текот на месец февруари врз основа на долгорочни кредити и заеми повлечени се средства во износ од 39,4 милиони долари, значително повеќе од јануари (5,1 милион долари). Од мултилатералните кредитори користени се 6,5 милиони долари, од кои најголем дел од ЕИБ (4,8 милиони долари) наменети за Проектот за изградба на трафостаници. Најголем дел се повлечени од нефинансиски приватен сектор во износ од 32,4 милиони долари. За првите два месеци од оваа година повлечени се средства во износ од 44,5 милиони долари, од кои 36,4 од приватни кредитори.

Во февруари склучени се нови кредити од 0,6 милиони долари, а за првите два месеци вкупно 17,5 милиони долари, при што целиот износ е склучен со нефинансиски приватен сектор.

Редовното и навремено сервисирање на обврските кон странство продолжи и во овој месец, при што отплатени се 8,1 милиони долари, од кои 4,8 милиони долари главница. Од вкупните обврски спрема странство 3,6 милиони долари се платени спрема мултилатералните кредитори (ЕБРД, ИБРД), 1,5 милиони долари кон билатералните кредитори и 3,0 милиони долари спрема приватни банки, финансиски институции и нефинансиски приватен сектор. На кумулативна основа за првите два месеци сервисирани се 266,8 милиони долари, од кои 251,7 милиони долари главница, во кои се вклучени отплатите кон Лондонскиот клуб на доверители во износ од 227,5 милиони долари во јануари.

Користење на кредити и сервисирање на долгот




Извор: Државен завод за статистика

Согласно Планот на отплата на Народната банка на Република Македонија за периодот март – декември 2006 година, достасуваат за плаќање 274,4

милиони долари обврски спрема странство, од кои 184,8 милиони долари главница.

Состојбата на краткорочниот долг на крајот на февруари 2006 година изнесуваше 102,7 милиони долари. Притоа, во овој месец користени се краткорочни финансиски кредити во износ од 8,3 милиони долари и отплатени се обврски во износ од 0,3 милиони долари.

Гледано по должници, состојбата на вкупниот надворешен долг (долгорочен и краткорочен) изнесуваше 2.084 милиони долари, од кои 1.468 милиони долари во јавниот сектор, кој во однос на претходниот месец е намален за 16 милиони долари. Во приватниот сектор долгот на месечна основа е зголемен за 30 милиони долари и на крајот на февруари изнесуваше 616 милиони долари.

## 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

Во првите два месеци во 2006 година, вкупните приходи на Централниот буџет се остварени во износ од 7.780 милиони денари, што претставува помало остварување за 4,8% во однос на истиот период од минатата година. Помалото остварување на вкупните приходи пред се, се должи на намалувањето на сите даночни приходи освен приходите од акцизи, од царини и приходите од данокот на добивка. Даночните приходи во месеците јануари и февруари 2006 година се реализирани во износ од 7.293 милиони денари, што претставува намалување од 6,2% во однос на остварените даночни приходи во истиот период во 2005 година.




Извор: Министерство за финансии

Учеството на данокот на додадена вредност во вкупните даночни приходи во месеците јануари и февруари 2006 година изнесува 39,1% односно учеството на ДДВ заедно со акцизите изнесува 61,5%. Од данокот на додадена вредност вкупно се наплатени приходи во висина од 3.044 милиони денари, што претставува помало остварување за 19,5%, односно за 736 милиони денари, во однос на истиот период од 2005 година. Ваквото намалено остварување кај ДДВ се должи на повратот на данокот, како и на започнувањето на одложено плаќање на данокот на додадена вредност за стоки за облагородување, согласно примена на новиот Царински закон од 1 јануари 2006 година.

Приходите од акцизи се повисоки за 5,6% или за 88 милиони денари во однос на истиот период лани, при што достигнаа износ од 1.741 милиони денари.

Во овој период од персоналниот данок на доход се наплатени приходи во износ од 1.173 милиони денари, што е речиси исто во споредба со истиот период во 2005 година. Во овој период данокот на добивка се оствари во износ од 563 милиони денари, односно за 116 милиони

Во месеците јануари и февруари 2006 година приходите од царина се незначително повисоки споредено со истиот период лани. Тоа се должи на намалувањето на царинските стапки согласно Договорот за пристапување кон Светската трговска организација, како и договорите за слободна трговија. Приходите од увозни давачки во овој период изнесуваат 607 милиони денари.

Во периодот јануари–февруари 2006 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваа 9.528 милиони денари, што е за 4,1 % повеќе во однос на истиот период од 2005 година, односно вкупните расходи на Централниот буџет се поголеми за 371 милиони денари.

Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваа со 38,2%. Во однос на истиот период лани средствата за плати и надоместоци се зголемени за 1,9% односно изнесуваат 3.636 милиони денари.

Расходите за стоки и услуги изнесуваат 1.084 милиони денари, односно за 6,7% помалку во споредба со истиот период лани.

Во делот на трансферите (учество од 40,2% во вкупните расходи на Централниот Буџет), во овој период се потрошени 3.828 милиони денари односно потрошени се 17,5% повеќе средства во однос со средствата за трансфери во 2005 година. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 1.542 милиони денари или за 199 милиони денари повеќе (14,8%) во однос на истиот период лани.

Во периодот јануари–февруари за капитални расходи се потрошени 428 милиони денари. Споредено

со истиот период од 2005 година, ова извршување е помало за 42,6 % или за 317 милиони денари.

За камати се потрошени средства во износ од 552 милиони денари што е повеќе за 30,5% во споредба со истиот период 2005 година.

Ваквите движења во фискалната сфера во овој период од 2006 година, односно помалата наплата на јавните приходи и поголемото трошење на буџетските средства, придонесоа да се оствари дефицит на Централниот Буџет во износ од 1.748 милиони денари, додека консолидираниот буџет оствари дефицит од 988 милиони денари.

Структура на расходите на Централниот Буџет




Извор: Министерство за финансии

Одделни категории на приходи и расходи




## 4. МОНЕТАРЕН СЕКТОР

### 4.1. Монетарни движења

Во февруари 2006 година, монетарната политика се спроведуваше во услови на релативно експанзивна фискална политика (централниот буџет забележа дефицит од 290 милиони денари), како и поволни движења на девизниот пазар (НБРМ во февруари 2006 година изврши нето откуп од 8,6 милиони долари).

Во овој период единствено готовите пари во оптек делуваа во насока на повлекување на ликвидност на банкарскиот систем. Имено, по значителното сезонско намалување на готовите пари во оптек во јануари 2006 година, во февруари 2006 истите забележаа пораст од 4,1%. Истовремено, монетарните инструменти на НБРМ, трансакциите на девизниот пазар и депозитите на државата (фискалната политика) делуваа во насока на креирање на ликвидност. Во февруари 2006 година запишаните благајнички записи забележаа намалување од 7%, депозитите на државата забележаа пад од 10%, додека на девизниот пазар НБРМ изврши нето одкуп од 8,6 милиони долари, со што во февруари 2006 година ликвидноста на банкарскиот систем забележа пораст од 27,2%. Притоа, во услови на повисока побарувачка за благајнички записи, пондерираната каматна стапка на благајничките записи изнесуваше 7,31%, што во однос на претходниот месец претставува намалување од 1,2 процентни поени.

| Монетарни агрегати и нивни компоненти | III.05 | VI.05 | IX.05 | XII.05 | I.06 | II.06 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Готови пари во оптек | 13207 | 13390 | 13490 | 14439 | 13100 | 13653 |
| Депозитни пари | 13741 | 13752 | 14416 | 15224 | 14599 | 14961 |
| Монетарен агрегат М1 | 26948 | 27142 | 27906 | 29663 | 27699 | 28596 |
| Краткорочни денарски депозити | 23336 | 26335 | 20732 | 24364 | 25614 | 26237 |
| Краткорочни девизни депозити | 42495 | 45462 | 48142 | 49107 | 49930 | 49979 |
| Монетарен агрегат М2 | 92779 | 98939 | 96780 | 103134 | 103243 | 104812 |
| Немонетарни депозити | 4644 | 4902 | 4871 | 5040 | 5077 | 5187 |
| денарски | 3111 | 3093 | 3130 | 3057 | 3111 | 3136 |
| девизни | 1533 | 1809 | 1741 | 1983 | 1966 | 2051 |
| Монетарен агрегат М4 | 97423 | 103841 | 101651 | 108174 | 108320 | 109999 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

На крајот од февруари 2005 година, на месечна основа, примарните пари забележаа пораст од 7,9% како резултат на порастот на готовите пари во оптек за 4,1%, како и средствата на жиро-сметките за 14,3%. Истовремено, парите во благајните забележаа незначителен пад од 0,2%. Ваквите движења детерминираа пораст на монетарниот агрегат М1 од 3,2% на месечна основа. Во услови на пораст на краткорочните денарски депозити, стабилно ниво на краткорочните девизни депозити, како и порастот на монетарниот агрегат М1, монетарниот агрегат М2 на месечна основа забележа пораст од 1,5% на месечна основа. Значителниот раст на долгорочните девизни депозити од 4,6%, како и незначителниот пораст на долгорочните денарски депозити детерминираа пораст кај најширокиот монетарен агрегат М4 од 1,6%.

Во февруари 2006, година вкупниот депозитен потенцијал на комерцијалните банки забележа пораст од 1% на месечна основа. Од аспект на валутната структура, растот беше детерминиран од порастот на денарските депозити за 2,3%, но и на девизните депозити 0,3%. Истовремено, анализата на

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор | (во мил. денари) | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| **Депозитен потенцијал** | **81403** | **0.97** | **17.63** |
| Денари | 29373 | 2.26 | 17.39 |
| Во странска валута | 52030 | 0.26 | 17.76 |
| Краткорочен | 76216 | 0.89 | 17.97 |
| Долгорочен | 5187 | 2.17 | 12.81 |
| **Кредити на приватен сектор** | **70903** | **1.98** | **19.56** |
| Денари | 53149 | 1.71 | 12.91 |
| Во странска валута | 17754 | 2.8 | 45.12 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

депозитниот потенцијал според рочноста покажува раст, како на краткорочните, така и на долгорочните депозити. Кредитите на приватниот сектор во февруари забележаа пораст од 2% на месечна и 20% на годишна основа, при што порастот е поинтензивен кај кредитите во странска валута. Доминантен придонес во порастот на кредитирањето имаат долгорочните кредити во денари насочени кон секторот население и долгорочните девизни кредити алоцирани кај корпоративниот сектор.

Каматната политика на комерцијалните банки не забележа некоја позначајна промена. Имено, просечните пондерирани каматни стапки за денарски кредити во февруари 2006 година изнесуваа 11,8% и во однос на претходниот месец претставува незначителен пад од 0,2 процентни поени. Истовремено, каматните стапки на девизните кредити изнесуваа 7,8% што претставува благ пад во однос на претходниот месец. Просечните пасивни каматни стапки на денарските депозити во февруари 2006 година забележаа намалување од 0,2 процентни поени достигнувајќи 5,2%, додека каматните стапки на девизните депозити останаа на исто ниво од претходниот месец.

### 4.1. Бруто девизни резерви

Во февруари 2006 година, интервенциите на НБРМ на девизниот пазар беа во насока на креирање на примарни пари, при што во овој месец НБРМ продаде 3,6 милиони САД долари и откупи 12,2 милиони долари, со што нето ефектот беше откупени 8,6 милиони долари. Ваквите случувања на девизниот пазар, отплатите на кредиторите, како и курсните разлики придонесоа бруто девизните резерви на крајот од февруари 2006 година да достигнат ниво од 1.156 милиони САД долари и во однос на крајот на јануари 2006 година се нониски за 15 милиони долари.



Извор: Народна банка на Република Македонија

## 5. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА

### 5.1. Вработеност

Во февруари 2006 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани 25.170 засновани нови работни односи, што е за 2,7 пати повеќе во однос на февруари минатата година. Притоа, вработувањата на лица од евиденцијата на Агенцијата за вработување односно од регистрираните невработени лица во февруари 2006 година учествуваа со 24% во вкупните вработувања, додека останатите вработувања се директно од дотогаш неактивното население или лица кои преминале од едно на друго работно место.



Извор: Агенција за вработување

Согласно со општите текови во економијата во последниот квартал на 2005 година, најголем број од новите вработувања во февруари се регистрирани во преработувачката индустрија (32,7%), потоа во трговијата (18,4%), градежништвото (5,8%), и во јавната управа, одбрана и задолжителна социјална заштита (5,1%).

### 5.2. Невработеност

Бројот на регистрирани невработени лица во февруари 2006 година изнесуваше 360.804 што е за 0,2% повисоко ниво во однос на претходниот месец. На годишно ниво, бројот на регистрирани невработени лица е намален за 34.098 лица или 8,4%.

Приливот на лица во регистарот на Агенцијата за вработување во февруари 2006 година изнесува 8.402 лица од кои најголем дел се лица на кои им престанал работниот однос (40%), 29,5% се лица кои првпат се пријавиле во евиденцијата на невработени, 21% лица се прилив од претходно бришаните лица од евиденцијата, а останатите лица се пријавени по други основи (се преселил од друг центар, му престанал договор за дело, од основач на претпријатие и сл.). Најголем дел од овие лица се неквалификувани, полуквалификувани и со средно стручно образование. Во рамките на одливот од Агенцијата (7.580 лица), 43% се лица кои засновале работен однос, 33,8% се лица избришани од евиденцијата поради непријавување и 23% се избришани поради други основи, главно пензионирање, основање на претпријатие, одбивање на понудена активна мерка, итн.

Број на регистрирани невработени лица




Извор: Агенција за вработување

Од регистрираните невработени лица во февруари 2006 година, 38,7% се неквалификувани и полуквалификувани, 32,9% со завршено средно стручно образование, 17,5% се квалификувани и високо квалификувани и 11% се со завршено вишо и високо образование. Според полот, мажите учествуваат со 57,9% во вкупниот број на невработени лица.

### 5.3. Корисници на паричен надоместок за невработеност и право на здравствено осигурување

Во февруари 2006 година, 39.171 лица користеле паричен надоместок во случај на невработеност, што претставува 10,9% од евидентираните невработени лица. Во однос на истиот период претходната година бројот на корисници на паричен надоместок е намален за 15% што главно се должи на намалувањето на бројот на корисници по основ на сезонци.

Структура на невработени лица корисници на паричен надоместок




Извор: Агенција за вработување

Од вкупниот број на регистрирани невработени лица во февруари 2006 година, 67,6% користеле бесплатно здравствено осигурување од Агенцијата за вработување. На годишна основа, бројот на корисници на здравствено осигурување е намален за 4,5%. Притоа, дури 84% од овие лица го остваруваат правото на бесплатно осигурување преку Агенцијата само затоа што немаат друга основа за осигурување што ја зголемува иницијативата на лицата да се пријавуваат како невработени (на пример оние кои работат во сивата економија или пак се фактички економски неактивни).

### 5.4. Корисници на пензии и социјална помош

Во првите два месеци од 2006 година продолжи порастот на бројот на пензионерите. Имено, согласно последните податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во февруари се евидентирани 266.125 пензионери, што во однос на јануари претставува пораст од 0,2% или 439 лица. На годишна основа, број на пензионери е поголем за 5.534 лица, односно за 2,1%.

Структурно гледано, поголем дел од нив се таканаречени старосни пензии 54%, потоа следуваат семејните пензии со 27,2% и инвалидските пензии со 18,2%.

Пензионерите од првата група (до 11.654 ден.) учествуваат со 88,3%, во вкупниот број на овие корисници, додека тие од втората група (над 11.654 ден.) со 11,7%.

За исплата на пензиите, во февруари се потрошени 1.944 милиони денари.

Вредноста на просечната пензија во овој месец изнесува 7.503 денари, што претставува минимален месечен пораст од 0,2%, а пак на годишно ниво пораст од 2,1%. Соодносот на просечната пензија за февруари со просечната исплатена нето плата во јануари[1] 2005 година изнесува 56,3%.

Вкупен број на пензионери




Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

Најновите податоци за корисниците на социјална помош, во првите два месеца покажуваат тренд на намалување, при што во февруари 2006 година за исплата на социјална помош се потрошени 146.1 милиони денари за 64.094 домаќинства. Споредбено со јануари 2006 година ова претставува намалување од 1.855 лица или 3%, а намалување од 6% е забележано и на годишна основа.

Исто така, намалување е забележано и во категоријата на корисници на корисници на помош за туѓа нега, при што за овој вид на помош во февруари се потрошени 65 милиони денари за 20.725 лица, додека кај корисниците на постојана парична помош е регистирано мало назначително зголемување при што за 4.904 лица се потрошени 15 милиони денари.

Од структурен аспект не се забележани поголеми промени, што значи дека најмногу корисници на социјална помош има во Скопје (20,7%), следуваат Тетово (12,3%), Куманово (11,8%), Прилеп (8,9%), итн.

Корисници на социјална помош




Извор: Министерство за труд и социјална политика

## 5.5. Просечна нето-плата

Почнувајќи од јануари 2006 година во пресметката на месечната нето–плата по вработен за прпат се вклучени и податоци од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Како резултат на овие промени во пресметките, во јануари 2006 година просечната исплатена нето–плата по вработен изнесува 13.328 денари, односно остварено е номинално зголемување од 1,5% и реално намалување од 0,2%.

Анализирано по сектори на дејности, на месечна основа, пораст на платите е регистриран во земјоделство (2,4%) и индустрија (2,0%), додека во услугите е забележано мало намалување од 0,8%.

Најголем месечен пораст на просечно исплатена нето–плата од 16,8% во јануари 2006 е регистриран во одделот „Производство на канцелариски машини и компјутери".

На годишна основа, номиналната и реалната просечна плата регистрираа стапка на пораст од 6,4%, односно 3,5%.

Во поглед на висината на платите, највисоки плати се исплатуваат во секторот „Финансиско посредување" (26.123 денари), додека најниска плата се исплатува во „Градежништво" (9.693 денари).

Процентот на вработени во Република Македонија кои со задоцнување примаат плата продолжува да се движи во надолна линија, што значи дека состојбата со овие работници постепено се стабилизира. Имено, во јануари 2006 година, само 13,9% од работниците во Република Македонија не примиле плата.

Просечни нето–плати (годишни промени, %)




Извор: Државен завод за статистика

1) Споредбата се врши со просечната плата од претходниот месец бидејќи податоците за плати излегуваат со еден месец задоцнување

# НАДВОРЕШЕН ДОЛГ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Надворешниот долг на крајот на февруари 2006 година изнесуваше 1.981 милиони долари и во однос на јануари е зголемен за 9 милиони долари. Месечното зголемување на надворешниот долг главно се должи на поголем износ на повлечени средства од отплатата на главницата на долгот.

Во структурата на надворешниот долг по кредитори, мултилатералните кредитори опфаќаат повеќе од половина (53,5%), од кои најголем дел се (ИДА, ИБРД, ЕИБ, и ЕУ). Билатералните кредитори во структурата на долгот учествуваат со 9.8%, а приватните кредитори со 36.9%.

Во февруари повлечени се средства во износ од 39,4 милиони долари. Најголем дел од повлечените средства се од приватниот нефинансиски сектор (30,9 милиони долари). Од мултилатералните кредитори повлечени се 6,5 милиони долари од кои најмногу од ЕИБ (4,8 милиони долари) наменети за Проектот за изградба на трафостаници. За првите два месеци од оваа година повлечени се вкупно средства во износ од 44,5 милиони долари, од кои 36,4 милиони долари од приватни кредитори.

Сервисирањето на обврските, продолжува да се извршува редовно и навремено, при што во февруари отплатени се 8,1 милион долари (4,8 милиони долари главница). Притоа, спрема мултилатералните кредитори отплатени се 1.5 милиони долари, а остатокот од 3,0 милиони долари спрема приватни кредитори. Кумулативно, за периодот јануари – февруари 2006 година отплатени се 266,8 милиони долари обврски спрема странство, од кои 251,7 милиони долари главница.

Новосклучените кредити во февруари изнесуваа 0,6 милиони долари и целиот износ е склучен со приватни банки и финансиски институции и нефинансиски приватен сектор. За првите два месеци склучени се нови кредити во износ од 17. 5 милиони долари и целиот износ е склучен со приватни кредитори.

Согласно Планот на отплата на Народната банка на Република Македонија, во периодот март – декември 2006 година достасуваат обврски за плаќање кон странските кредитори во износ од 224,4 милиони долари, од кои 164,8 милиони долари главница.

Краткорочниот надворешен долг на крајот на февруари 2005 година изнесуваше 102,7 милиони долари. Притоа, во овој месец користени се финансиски кредити во износ од 8,8 милиони долари, а платени се обврски во износ од 0,3 милиони долари.

Гледано по должници, вкупниот надворешен долг (краткорочен и долгорочен) на крајот на февруари изнесуваше 2.084 милиони долари, од кои 1.468 милиони долари во јавниот сектор, кој во споредба со претходниот месец е намален за 16 милиони долари. Вкупниот надворешен долг во приватниот сектор е зголемен за 30 милиони долари на месечна основа и на крајот на февруари изнесуваше 616 милиони долари.

**НАДВОРЕШЕН ДОЛГ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[1]**

(милиони САД долари)

| | 31.12.1998 | 31.12.1999 | 31.12.2000 | 31.12.2001 | 31.12.2002 | 31.12.2003 | 31.12.2004 | 31.03.2005 | 30.06.2005 | 30.09.2005 | 31.12.2005 | 31.01.2006 | 28.02.2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Официјални кредитори** | 1.004 | 1.031 | 1.033 | 980 | 1.048 | 1.198 | 1.313 | 1.270 | 1.236 | 1.243 | 1257 | 1263 | 1251 |
| **Мултилатерала** | 684 | 714 | 716 | 688 | 756 | 926 | 1062 | 1041 | 1.014 | 1.035 | 1052 | 1066 | 1057 |
| IMF | 114 | 113 | 82 | 71 | 67 | 68 | 62 | 61 | 53 | 67 | 62 | 63 | 62 |
| IBRD | 115 | 117 | 123 | 124 | 145 | 181 | 224 | 215 | 225 | 223 | 248 | 250 | 246 |
| IFC | 55 | 57 | 57 | 33 | 18 | 20 | 9 | 8 | 7 | 7 | 6 | 6 | 6 |
| IDA | 179 | 222 | 250 | 255 | 295 | 358 | 388 | 378 | 366 | 365 | 362 | 366 | 364 |
| EIB | 54 | 68 | 67 | 75 | 102 | 116 | 148 | 143 | 132 | 141 | 140 | 143 | 145 |
| EUROFIMA | 22 | 17 | 17 | 14 | 12 | 8 | 8 | 8 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| CEDB | 5 | 5 | 7 | 6 | 14 | 17 | 23 | 22 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 |
| EBRD | 90 | 72 | 72 | 61 | 32 | 36 | 65 | 78 | 83 | 83 | 88 | 88 | 87 |
| EU | 48 | 40 | 37 | 44 | 65 | 112 | 122 | 116 | 109 | 109 | 106 | 109 | 107 |
| IFAD | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 10 | 11 | 12 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| EAR | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Билатерала** | 320 | 317 | 316 | 292 | 292 | 272 | 252 | 230 | 222 | 208 | 205 | 197 | 194 |
| **Приватни кредитори** | 394 | 407 | 405 | 464 | 501 | 572 | 644 | 690 | 708 | 737 | 911 | 709 | 730 |
| Лондонски клуб | 243 | 250 | 253 | 262 | 254 | 234 | 233 | 228 | 227 | 222 | 222 | 181 | 178 |
| Останати | 151 | 157 | 152 | 202 | 247 | 328 | 412 | 462 | 480 | 514 | 689 | 528 | 552 |
| Банки и финан. инстит. | 27 | 26 | 32 | 143 | 181 | 211 | 250 | 241 | 245 | 259 | 435 | 263 | 260 |
| Претпријатија | 124 | 131 | 120 | 59 | 66 | 117 | 162 | 221 | 235 | 255 | 254 | 265 | 292 |
| **ВКУПНО** | 1.398 | 1.438 | 1.438 | 1.444 | 1.549 | 1.770 | 1.957 | 1.960 | 1.944 | 1.980 | 2.168 | 1.972 | 1.981 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

1) Долгорочен и среднорочен долг

## ОТПЛАТА НА ДОЛГОТ ПО КРЕДИТОРИ
(јануари – февруари 2006 год.)

| (во милиони САД долари) | Вкупно | Главница | Камата |
|---|---|---|---|
| **Вкупно (главница и камата)** | **266,8** | **251,7** | **15,1** |
| **Официјални кредитори** | **24,4** | **17,9** | **6,5** |
| **Мултилатерала** | **8,4** | **5,0** | **3,4** |
| IMF | 0,5 | 0,0 | 0,5 |
| IBRD | 3,1 | 2,2 | 0,9 |
| IFC | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| IDA | 1,1 | 0,6 | 0,5 |
| EIB | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| EUROFIMA | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| CEDB | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| EBRD | 3,2 | 2,2 | 1,0 |
| EU | 0,5 | 0,0 | 0,5 |
| IFAD | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| EAR | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Билатерала** | **16.0** | **12,9** | **3,1** |
| **Приватни кредитори** | **242,4** | **233,8** | **8,6** |
| **Лондонски клуб** | **227,5** | **222,4** | **227,5** |
| **Останати** | **14,9** | **11,4** | **3,4** |
| Банки и финансиски институции | 10,6 | 7,7 | 2,9 |
| Претпријатија | 4,3 | 3,7 | 0,5 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

## НАДВОРЕШЕН ДОЛГ - ПО КРЕДИТОРИ

во милиони долари

| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно (Среднорочен и долгорочен)** | **1.123** | **1.141** | **1.380** | **1.438** | **1.436** | **1.444** | **1.577** | **1.789** | **1.963** | **2.168** |
| Мултилатерални | 468 | 490 | 687 | 714 | 715 | 688 | 757 | 922 | 1.062 | 1.052 |
| IMF | 80 | 103 | 114 | 113 | 82 | 71 | 67 | 68 | 63 | 62 |
| IBRD / IDA | 206 | 237 | 296 | 339 | 373 | 379 | 441 | 539 | 612 | 610 |
| IFC | 2 | 0 | 56 | 57 | 57 | 33 | 18 | 13 | 9 | 6 |
| EIB | 76 | 37 | 54 | 68 | 67 | 75 | 102 | 116 | 148 | 140 |
| EBRD | 69 | 83 | 90 | 72 | 72 | 62 | 32 | 40 | 65 | 88 |
| EUROFIMA | 29 | 25 | 23 | 17 | 17 | 14 | 12 | 8 | 8 | 7 |
| Совет на Е.Р.банка | 6 | 5 | 5 | 5 | 7 | 6 | 15 | 17 | 23 | 20 |
| EU | | | 48 | 41 | 37 | 44 | 65 | 113 | 123 | 106 |
| IFAD | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 8 | 11 | 13 |
| Билатерални кредитори | 402 | 377 | 289 | 317 | 316 | 292 | 277 | 271 | 252 | 205 |
| Приватни кредитори | 253 | 274 | 404 | 407 | 405 | 464 | 543 | 596 | 693 | 911 |
| Комерцијални банки | 229 | 241 | 243 | 250 | 253 | 262 | 254 | 244 | 233 | 222 |
| Останато | 24 | 33 | 161 | 157 | 152 | 202 | 289 | 352 | 460 | 689 |
| Вкупно (без ММФ) | 1.043 | 1.038 | 1.266 | 1.325 | 1.335 | 1.373 | 1.510 | 1.721 | 1.900 | 2.160 |
| **Краткорочен долг** | | | **60** | **55** | **52** | **63** | **64** | **42** | **72** | **85** |

Извор: Народна банка на Република Македонија

## ВКУПЕН НАДВОРЕШЕН ДОЛГ ПО ДОЛЖНИЦИ *

во милиони долари

| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен надворешен долг** | **1.118** | **1.139** | **1.437** | **1.490** | **1.489** | **1.506** | **1.635** | **1.813** | **2.029** | **2.072** |
| **Јавен сектор** | **1.012** | **1.007** | **1.222** | **1.305** | **1.330** | **1.222** | **1.321** | **1.487** | **1.603** | **1.704** |
| Влада | 774 | 775 | 890 | 975 | 1.066 | 1.052 | 1.135 | 1.257 | 1.350 | 1.473 |
| Влада (обврски на Влада) | 766 | 767 | 864 | 932 | 1.018 | 1.010 | 1.095 | 1.215 | 1.308 | 1.428 |
| Фонд за патишта | | | 18 | 33 | 48 | 42 | 40 | 41 | 42 | 44 |
| Здравствен фонд | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останати | 7 | 7 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| НБМ | 80 | 99 | 114 | 113 | 96 | 71 | 67 | 68 | 63 | 62 |
| Јавни претпријатија | 158 | 133 | 218 | 217 | 168 | 99 | 119 | 162 | 190 | 169 |
| **Приватен сектор** | **106** | **132** | **215** | **185** | **159** | **284** | **314** | **325** | **427** | **554** |
| Банки | 84 | 92 | 110 | 93 | 66 | 97 | 110 | 86 | 74 | 121 |
| Претпријатија | 22 | 40 | 105 | 92 | 93 | 187 | 204 | 240 | 353 | 433 |

Извор: Државен завод за статистика

* Краткорочен, среднорочен и долгорочен долг

## ВАЛУТНА СТРУКТУРА НА НАДВОРЕШНИОТ ДОЛГ

(структурата се однесува само на главницата)

| **Валута** | 31.12.2004 | 31.01.2005 | 28.02.2005 | 31.03.2005 | 30.04.2005 | 31.05.2005 | 30.06.2005 | 31.07.2005 | 31.08.2005 | 30.09.2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **DKK** | 6.264.755 | 5.783.201 | 5.783.201 | 5.783.201 | 5.783.201 | 5.783.201 | 5.783.201 | 5.301.646 | 5.301.646 | 5.301.646,00 |
| во USD | 1.145.800 | 1.012.968 | 1.023.085 | 1.004.818 | 1.006.351 | 939.703 | 944.838 | 859.525 | 865,861 | 856.991 |
| % | 0,06 | 0,05 | 0,05 | 0,05 | 0,05 | 0,05 | 0,05 | 0,04 | 0,04 | 0,04 |
| **JPY** | 297.582.450 | 289.148.252 | 289.148.252 | 261.980.284 | 262.601.308 | 302.227.634 | 302.251.070 | 293.816.872 | 507.409.518 | 479.600.081 |
| во USD | 2.870.533 | 2.798.311,00 | 2.743.724 | 2.437.148 | 2.497.447 | 2.817.610 | 2.645.549 | 2.614.325 | 4.551.032 | 4.256.488 |
| % | 0,15 | 0,15 | 0,14 | 0,13 | 0,13 | 0,15 | 0,14 | 0,14 | 0,24 | 0,22 |
| **SEK** | 5.308.682 | 5.037.906 | 5.037.906 | 4.144.892 | 4.144.892 | 4.144.892 | 4.144.892 | 3.874.116 | 3.874.116 | 2.981.102 |
| во USD | 801.058 | 722.631 | 731.053 | 587.433 | 584.994 | 563.822 | 566.903 | 498.146 | 503.329 | 383.728 |
| % | 0,04 | 0,04 | 0,04 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,02 |
| **CNF** | 38.124.204 | 38.753.310 | 38.753.310 | 38.244.435 | 38.166.945 | 38.166.945 | 39.878.833 | 43.480.584 | 44.180.584 | 43.663.334 |
| во USD | 33.590.802 | 32.672.495 | 33.073.240 | 31.908.550 | 32.166.583 | 30.822.271 | 30.990.724 | 33.690.687 | 34.693.401 | 33.811.217 |
| % | 1,74 | 1,74 | 1,73 | 1,68 | 1,69 | 1,64 | 1,64 | 1,76 | 1,80 | 1,73 |
| **GBR** | 1.050.618 | 987.382 | 985.754 | 968.879 | 965.284 | 963.616 | 961.935 | 898.616 | 963.297 | 944.398 |
| во USD | 2.016.452 | 1.858.425 | 1.881.338 | 1.822.933 | 1.846.079 | 1.691.466 | 1.700.710 | 1.576.522 | 1.718.628 | 1.668.955 |
| % | 0,10 | 0,10 | 0,10 | 0,10 | 0,10 | 0,09 | 0,09 | 0,80 | 0,09 | 0,09 |
| **USD** | 607.905.524 | 594.860.852 | 598.704.521 | 593.314.602 | 588.808.133 | 590.568.882 | 606.610.770 | 592.873.628 | 592.685.515 | 587.718.761 |
| во USD | 607.905.524 | 594.860.852 | 598.704.521 | 593.314.602 | 588.808.133 | 590.568.882 | 606.610.770 | 592.873.628 | 592.685.515 | 587.718.761 |
| % | 31,47 | 31,61 | 31,38 | 31,23 | 30,95 | 31,42 | 31,96 | 31,03 | 30,78 | 30,11 |
| **EUR** | 604.626.427 | 610.598.810 | 317.754.239 | 632.129.170 | 637.362.416 | 653.366.319 | 682.977.542 | 700.190.491 | 705.316.331 | 728.326.854 |
| во USD | 822.534.287 | 795.914.810 | 813.274.241 | 818.164.146 | 825.830.369 | 874.107.781 | 819.553.485 | 846.740.122 | 859.146.356 | 878.581.262 |
| % | 42,58 | 42,29 | 42,63 | 43,07 | 43,42 | 43,36 | 43,37 | 44,31 | 44,62 | 45,01 |
| **SDR** | 296.835.757 | 297.963.905 | 297.740.170 | 298.001.253 | 297.334.872 | 296.253.429 | 296.026.024 | 295.912.238 | 295.448.306 | 306.795.625 |
| во USD | 460.988.020 | 451.963.905 | 456.134.580 | 450.227.952 | 449.303.796 | 436.962.075 | 429.334.913 | 431.961.825 | 431.306.106 | 444.689.395 |
| % | 23,86 | 24,02 | 23,91 | 23,70 | 23,62 | 23,25 | 22,72 | 22,60 | 22,40 | 22,78 |
| **AUD** | 131.685 | 131.685 | 131.685 | 131.685 | 131.685 | 131.685 | 131.685 | 131.685 | 1.312.685 | 131.685 |
| во USD | 102.141 | 101.889 | 103.046 | 101.513 | 103.003 | 187.794 | 188.967 | 100.130 | 98.415 | 100.343 |
| % | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 | 0,01 |
| **Вкупно** | 1.931.954.617 | 1.881.906.288 | 1.907.668.829 | 1.899.569.095 | 1.902.146.755 | 1.879.406.776 | 1.889.678.316 | 1.910.914.910 | 1.925.543.643 | 1.952.067.140 |

## СЕРВИСИРАЊЕ НА ОБВРСКИ (ГЛАВНИЦА И КАМАТА)

(милиони САД долари)

| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПО КРЕДИТОРИ** | | | | | | | | | | | |
| **Главница** | **33** | **47** | **53** | **86** | **103** | **111** | **144** | **184** | **186** | **196** | **178** |
| **Мултилатерални** | **29** | **29** | **27** | **29** | **43** | **49** | **66** | **82** | **53** | **55** | **51** |
| ИМФ | 1 | 1 | 0 | 2 | 17 | 19 | 8 | 9 | 22 | 20 | 11 |
| ИБРД / ИДА | 19 | 15 | 6 | 6 | 0 | 6 | 4 | 6 | 8 | 12 | 13 |
| ИФЦ | 8 | 3 | 1 | 0 | 3 | 3 | 27 | 20 | 3 | 5 | 3 |
| ЕИБ | 0 | 2 | 8 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 6 | 9 | 9 |
| ЕБРД | 0 | 1 | 8 | 14 | 15 | 15 | 19 | 38 | 9 | 8 | 14 |
| ЕУРОФИМА | 0 | 7 | 2 | 5 | 4 | 1 | 4 | 4 | 5 | 0 | 0 |
| Совет на Е.Р. банка | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ЕУ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ИФАД | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Билатерални кредитори** | **0** | **13** | **18** | **30** | **13** | **15** | **44** | **35** | **43** | **47** | **41** |
| Париски клуб | 0 | 0 | 17 | 26 | 11 | 11 | 28 | 29 | 36 | / | / |
| Тајван | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | / | / |
| Останати | 0 | 0 | 1 | 4 | 3 | 3 | 6 | 6 | 7 | / | / |
| **Комерцијални кредитори** | **4** | **5** | **9** | **27** | **46** | **48** | **34** | **66** | **85** | **94** | **86** |
| Лондонски клуб | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 10 | 10 | 10 |
| Останати | 4 | 5 | 9 | 27 | 46 | 48 | 34 | 59 | 75 | 84 | 76 |
| **Камата** | **13** | **32** | **72** | **57** | **52** | **54** | **60** | **51** | **50** | **45** | **54** |
| **Мултилатерални** | **12** | **18** | **43** | **20** | **26** | **27** | **27** | **23** | **21** | **21** | **23** |
| ИМФ | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ИБРД / ИДА | 8 | 7 | 6 | 5 | 8 | 9 | 10 | 9 | 9 | 9 | 10 |
| ИФЦ | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 5 | 4 | 2 | 1 | 1 | 0 |
| ЕИБ | 0 | 4 | 28 | 3 | 4 | 3 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 |
| ЕБРД | 0 | 2 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4 | 2 | 2 | 3 |
| ЕУРОФИМА | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Совет на Е.Р. банка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| ЕУ | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| ИФАД | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Билатерални кредитори** | **0** | **13** | **28** | **21** | **8** | **8** | **17** | **13** | **13** | **8** | **8** |
| Париски клуб | 0 | 0 | 27 | 20 | 8 | 7 | 15 | 11 | 11 | / | / |
| Тајван | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | / | / |
| Останати | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | / | / |
| **Комерцијални кредитори** | **1** | **1** | **1** | **16** | **17** | **18** | **16** | **15** | **16** | **16** | **23** |
| Лондонски клуб | 0 | 0 | 0 | 10 | 9 | 9 | 10 | 10 | 6 | 5 | 7 |
| Останати | 1 | 1 | 1 | 6 | 9 | 9 | 6 | 5 | 10 | 11 | 16 |
| **Вкупно (главница и камата)** | **47** | **79** | **125** | **143** | **155** | **165** | **205** | **235** | **236** | **241** | **232** |
| **ПО ДОЛЖНИЦИ** | | | | | | | | | | | |
| **Главница** | **0** | **47** | **53** | **86** | **103** | **111** | **144** | **184** | **186** | **196** | **178** |
| Влада | | 8 | 8 | 19 | 18 | 17 | 50 | 50 | 67 | 60 | 67 |
| Посебни фондови | | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 |
| Останати | | 40 | 45 | 68 | 85 | 90 | 87 | 126 | 116 | 132 | 106 |
| **Камата** | **0** | **32** | **72** | **57** | **52** | **54** | **60** | **51** | **50** | **45** | **54** |
| Влада | | 15 | 30 | 37 | 26 | 27 | 39 | 35 | 32 | 21 | 29 |
| Посебни фондови | | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Останати | | 17 | 42 | 20 | 26 | 22 | 17 | 12 | 15 | 21 | 22 |
| **Вкупно (главница и камата)** | **0** | **79** | **125** | **143** | **155** | **165** | **205** | **235** | **236** | **241** | **232** |

Извор: Народна банка на Република Македонија

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОРТФОЛИОТО НА ЈАВНИОТ ДОЛГ

### Дефинирање на јавниот долг

Јавниот долг на Република Македонија се состои од обврските на јавниот сектор на државата по основ на домашното и надворешното задолжување. Во практиката често се среќаваат различни дефиниции за јавниот долг. Така, според методологијата која ММФ ја препорачува во Прирачникот за статистика на владините финансии, долгот на јавниот сектор во себе ги опфаќа долгот на општата власт (централна власт и вонбуџетските фондови), локалната власт, монетарната власт и јавните претпријатија. За разлика од ова, во дефиницијата утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005) под јавен долг се подразбира државниот долг (долгот на општата власт) и „сите финансиски обврски создадени преку задолжување на општините и на градот Скопје, како и на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата, додека долгот на Народна банка на Република Македонија нема третман на јавен долг.

Поради ваквите разлики кои се јавуваат во дефинициите за јавниот долг, често во практика можат да се презентираат различни податоци во зависност на користената методологија кои се однесуваат на висината и структурата на јавниот долг.

За потребите на оваа информација, податоците за состојбата, структурата и движењето на јавниот долг ќе бидат презентирани согласно дефиницијата од Законот за јавен долг. Доколку во пресметката на податоците е применета друга методологија, истата ќе биде наведена.

### Карактеристики на портфолиото на јавниот долг

Генерално, најголем дел од портфолиото на јавниот долг на Република Македонија го сочинуваат обврските наследени од поранешна СФРЈ.

Имено, веднаш по осамостојувањето, Владата на Република Македонија пристапи кон расчистување и преструктуирање на обврските по основ на надворешниот долг кој Република Македонија го наследи од поранешна СФРЈ. Така, во 1994 година беше расчистен наследениот долг кон Светка банка, а во 1996 година беа расчистени обврските кон Европска инвестициона банка (ЕИБ), EUROFIMA и CERF (Европскиот Фонд за resettlement). Исто така, долгот кон Парискиот клуб на доверители беше репрограмиран два пати, и тоа во 1995 година, и повторно во 2000 година. Долгот кон Лондонскиот клуб на доверители беше рефинансиран во рамки на Новата финансиска спогодба (НФС) од 1998 година, со која Република Македонија се стекна со правото во секое време да изврши откуп на обврзниците, според условите на пазарот на хартии од вредност, под услов да нема неизмирени обврски по главнина и камата.

Покрај овие, во должничкото портфолио влегуваат и обврските на државата кои произлегоа од обврзниците кои државата ги издаде за решавање на структурните проблеми кои се појавија во процесот на транзицијата на македонската економија, и кои значително влијаеа на зголемување на состојбата на јавниот долг. Особено големо влијание имаше обврзницата за старо девизно штедење која обврска иако датираше од самото осамостојување, сепак државата ја емитуваше во 2000 година, во износ од 546,5 милиони евра со цел обесштетување на граѓаните за девизните депозити кои беа замрзнати во банките во Република Македонија, по распаѓањето на поранешната југословенска федерација.

Наследените проблеми со долгот, како и тековните преструктуирања на банкарскиот сектор влијаеа на креирање на неповолно должничко портфолио во кое доминираат инструменти со кои не може да се тргува на домашните и меѓународни финансиски пазари.

**Графикон 1:**
**Инструменти со кои може да се тргува vs. инструменти со кои не може да се тргува на финансиските пазари**




Извор: Министерство за финансии

### Состојба и структура на јавниот долг

Како резултат на емитувањето на обврзницата за старо девизно штедење состојбата на јавниот долг

во 2000 година го достигна највисокото нивото од 2,1 милјарди ЕУР, што претставуваше 52,9% од БДП. Во натамошниот период јавниот долг изразен во апсолутни и релативни износи континуирано се намалуваше, и заклучно со декември 2004 година, изнесуваше 1,7 милијарди ЕУР. Благо зголемување на јавниот долг во однос на БДП од 3,1 процентен поен имаше во 2005 година, кога како резултат на емисијата на Еврообврзницата нивото на јавниот долг во декември 2005 година го достигна нивото од 1.9 милијарди ЕУР, или 44,1% од проектираниот БДП.

Средствата од оваа емисија беа искористени за предвремен откуп на обврските кон Лондонскиот клуб на кредитори што доведе до неутрализирање на ефектите од зголемувањето на долгот кои се остварија со оваа емисија. Така, заклучно со 28.02.2006 година јавнот долг изнесува 1.8 милијарди ЕУР, односно 39.7% од БДП. Освен ова, со оваа операција беа постигнати и следниве позитивни ефекти:

- **Реализирање на големи заштеди во Буџетот во наредните години.** Генерално, буџетот на Република Македонија преку оваа трансакција во следните 7 години би имал заштеда од вкупно 123.23 мил. евра, и тоа под претпоставка дека условите на меѓународниот пазар би останале непроменети од моментните (што практично е песимистичка варијанта, бидејќи сите поголеми инвестициони банки предвидуваат дека каматната стапка на доларот ќе продолжи да расте, а со тоа и трошокот кој ќе го има РМ за отплата на долг со варијабилна камата во следните години). Дополнително се подготвија и одредени анализи, односно сценарија доколку условите на меѓународниот пазар се променат, од кои може да се воочи дека Буџетот на РМ би бил уште повеќе изложен на трошок доколку во блиска иднина доларот зајакнува во однос на еврото. Анализите ја потврдуваат уште поголемата економската оправданост од оваа трансакција, при променети услови на меѓународниот пазар (истовремен пораст на каматните стапки и апрецијација на доларот) што изразено во бројки претставува заштеда вкупно од околу 130 – 150 милиони евра, одосно од 9 до 29 милиони евра годишна заштеда во зависност од анализираната година и сценарио.

> **Наследените проблеми со долгот, како и тековните преструктуирања на банкарскиот сектор влијаеа на креирање на неповолно должничко портфолио во кое доминираат инструменти со кои не може да се тргува на домашните и меѓународни финансиски пазари**

- **Подобрување на профилот на должничкото портфолио на државата,** од причина што Еврообврзницата претставува стандарден инструмент во портфолиото на јавниот долг, кој е препознатлив на меѓународната сцена и со нејзиното воведување се врши замена на долг со полоша репутација. На тој начин преку воведувањето на Еврообврзниците, покрај стандардните државни хартии од вредност, Република Македонија се здобива со подобар benchmark во своето должничко портфолио;
- Со замената на постоечкиот долг со пократок рок со еврообврзниците со рочност од 10 години **се продолжува рочноста на должничко портфолио** на Република Македонија;

**Табела 1: Состојба на јавниот долг**

во милиони EUR

| основ | година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 28.02.2006 |
| **Надворешен јавен долг** | **1,188.35** | **1,340.07** | **1,317.28** | **1,202.98** | **1,124.20** | **1,132.64** | **1,388.50** | **1,186.00** |
| Долг на општа влада | 1,024.72 | 1,153.86 | 1,191.90 | 1,088.97 | 1,005.54 | 993.20 | 1,245.35 | 1,047.00 |
| Долг на централна влада | 971.52 | 1,101.00 | 1,144.10 | 1,050.37 | 972.56 | 962.28 | 1207.95 | 1009.00 |
| Јавни фондови | 53.20 | 52.86 | 47.80 | 38.60 | 32.98 | 30.92 | 37.40 | 38.00 |
| Општини | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Јавни претпријатија | 163.63 | 186.21 | 125.38 | 114.01 | 118.66 | 139.44 | 143.15 | 139.00 |
| **Внатрешен јавен долг** | **79.85** | **711.69** | **681.55** | **626.93** | **593.58** | **589.78** | **603.46** | **607.50** |
| Долг на општа влада | 79.85 | 711.69 | 681.55 | 626.93 | 593.58 | 589.78 | 603.46 | 607.50 |
| Долг на централна влада | 79.85 | 711.69 | 681.55 | 626.93 | 593.58 | 589.78 | 603.46 | 607.50 |
| Општини | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Јавни претпријатија* | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A | N/A |
| Кредитна линија | Кредитирање мали бизниси (микро, мали и средни претпријатија)од страна на KfW од Геманија Банка агент - МБПР | Кредитирање на производство наменето за извоз од средствата доделени од страната на Владата на Република Македонија - банка агент МБПР | Кредити за развој на приватниот сектор од Меѓународна банка за обнова и развој (МБОР) Револвинг фонд |
|---|---|---|---|
| **Износ** | до 50.000 € | до 2.000.000 € | нема лимит |
| **Рок на враќање** | до 4 години | □□ 15 месеци (за извозни аранжманмани) | 1. до 3 години за обртни средства;<br>2. до 5 години за инвестициони проекти, во кои се работи на модернизација на технолошки процес |
| **Грејс период** | до 1 година | нема | Согласно кредитната политика на деловните банки |
| **Годишна каматна стапка** | 11% до 18% на годишно ниво | 8% | Охридска банка а.д Охрид – од 6,75% до 10,00%<br>Тутунска банка а.д Скопје – од 6,77% до 12,56%<br>Инвест банка а.д. Скопје – од 8% до 10,00%<br>Стопанска банка а.д Битола – од 8,50% до 9,00% |
| **Обезбедување** | Бланко меница со изјава заверена кај нотар, со најмалку 2 жиранти; Бариран чек со изјава заверена кај нотар, меница и/или бариран чек од други бонитетни правни лица – гаранти; Хипотека; Рачна залога на подвижни предмети и права; Депо на вредносни предмети и хартии од вредност; Граѓански чекови; по потреба и друго, прифатливо за Банката. При проценувањe на кредитите се применува посебна кредит-на технологија која е фокусирана на социо-економската состојба на претприемачот и неговиот бизнис, во однос на колатералот. | 1. Хипотека;<br>2. Рачна залога на подвижни предмети и права;<br>3. Бонитетни хартии од вредност;<br>4. Други вообичаени форми на обезбедување | Согласно кредитната политика на банките учеснички во реализацијата на средствата од Револвинг Фондот. |
| **Намена на кредитот** | 1. Финансирање на основни средства (набавка на опрема, машини, алати, инсталации, градежно земјиште, реновирање и модернизација);<br><br>2. Финансирање на обртни средства (суровини, репроматеријали, трговска стока). | Финансирање на извозни аранжмани за суровини и репроматеријали врз основа на склучени договори за извоз. | 1. Финансирање на обртни средства (набавка на суровини, репроматеријали, дополнителна опрема и резервни делови за зголемување на обемот на производството за поддршка на извозни активности или супституција на увоз);<br>2. Финансирање на инвестициони проекти кога се работи за модернизација на технолошки процес. |
| **Целни групи** | Приватни трговски друштва, поединци, индивидуални претприемачи, занаетчии, продавачи на пазар и самостојни вршители на дејност. | Приватни трговски друштва кои имаат производство наменето за извоз. | Претпријатија во приватна сопственост, како и индивидуални земјоделски производители. |
| **Степен на искористеност на средствата** | Првиот кредит од KfW од Германија во висина од 6.5 мил. € е 100% искористен. Затоа на 15.10.2004 г. доделени. се нови 6.2 мил. € кои се исто така100% искористени.<br>Од наплатените ануитети ќе се креира револвинг фонд. | Македонска банка за поддршка на развојот обезбеди средства за оваа кредитна линија. По?нувајќи од 1999 досега се пласирани 49,9 милиони € | Кредитната линија за развој на приватниот сектор одобрена од Светска Банка (Заемите 4015МК и 4240МК) е целосно искористена. За понатамошно користење на располагање се средствата од Револвинг Фондот. |
| **Деловни банки кои го нудат кредитот** | Извозна и кредитна банка АД Скопје,<br>Тутунска банка АД Скопје, Прокредит банка АД Скопје и Можности ДОО Скопје | Балканска банка АД Скопје, Еуростандард банка АД Скопје, Извозна и кредитна банка АД Скопје, Инвест банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Македонска банка АД Скопје, Охридска банка АД Охрид, Стопанска банка АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Тетовска банка АД Тетово, Тутунска банка АД Скопје, Силекс Банка АД Скопје | Охридска банка а.д Охрид, Тутунска банка а.д Скопје, Инвест банка а.д. Скопје, Стопанска банка а.д Битола. |
| **Забелешка** | Програмата „Кредитирање мали бизниси“ наменета е за поддршка на микро, мали и средни претпријатија кои се 100% во приватна сопственост, се цел да се овозможи пристап на истите до финансиски средства, трансформирање во законски форми и интегрирање на истите во финансискиот пазар. | Сопствено учество 15%. Провизија на ангажирани средства 0,50% годишно на одобрениот, а неискористен кредит. | Со средствата од под-заемот може да се финансираат до 70% од вкупната вредност на под-проектот. Крајниот корисник ќе го финансира остатокот од најмалку 30% . |

| Кредитна линија | Кредити од кредитна линија од Меѓународен фонд за развој на земјоделието ИФАД 1: Проект за рурален развој на јужните и источните региони во Република Македонија | Кредити од кредитна линија од Меѓународен фонд за развој на земјоделието ИФАД 2: Финансиски услуги во земјоделието | Кредитна линија за создавање и одржување на работни места во МСТД од Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) |
|---|---|---|---|
| **Износ** | 1. 2.000 $ микро кредити;<br>2. 25.000 $ за примарно земјоделско производство;<br>3. 75.000 $ за преработка и трговија со земјоделски производи | 1. 2.000 $ микро кредити;<br>2. 50.000 $ за примарно земјоделско производство;<br>3. 150.000 $ за преработка<br>4. 150.000 $ трговија со земјоделски производи | 400.000 ЕУР |
| **Рок на враќање** | до 7 години зависно од видот и намената на кредитот | 7 години зависно од видот и намената на кредитот | 7 до 10 години |
| **Грејс период** | до 3 години, зависно од намената | до 3 год, зависно од видот на кредитот | 2 до 4 год. (години вклучени во рок на отплата) |
| **Годишна каматна стапка** | – од 6% до 18% годишно за микро кредити<br>– од 6% до 16% годишно за примарно производство (зависно од финансиската институција преку која се одобрува кредитот)<br>– 7% годишно за преработка и трговија со земјоделски производи | – од 6% до 18% годишно за микро кредити<br>– од 6% до 16% годишно за примарно производство (зависно од финансиската институција преку која се одобрува кредитот)<br>– 7% годишно за преработка и трговија со земјоделски производи | Не е дефинирана конечна стапка<br>(се очекува да биде околу 7% годишно) |
| **Обезбедување** | 1. залог на подвижен имот (опрема, трактори, возила, механизација и друго);<br>1. 2. хипотека на недвижен имот;<br>3. кредитоспособни жиранти (физички или правни лица);<br>4. други инструменти на обезбедување кои ќе ги утврди банката или штедилницата. | 1. залог на подвижен имот (опрема, трактори, возила, механизација и друго);<br>2. хипотека на недвижен имот;<br>3. кредитоспособни жиранти (физички или правни лица);<br>4. други инструменти на обезбедување кои ќе ги утврди банката или штедилницата. | Стандардно обезбедување прифатливо за банките учеснички (хипотека, рачна залога и сл.). |
| **Намена на кредитот** | 1. Сточарско производство;<br>2. растително производство;<br>3. земјоделска механизација, опрема и обртни средства за откуп на земјоделски производи кои ќе се преработуваат;<br>4. трговија со земјоделски производи и нивна преработка. | 1. Сточарско производство;<br>2. Растително производств□;<br>3. Земјоделска механизација, опрема и обртни средства за откуп на земјоделски производи кои ќе се преработуваат;<br>4. Трговија со земјоделски производи и нивна преработки. | Создавање на нови работни места преку инвестиции во сите сектори освен примарно земјоделско производство од страна на мали и средни трговски друштва. |
| **Целни групи** | 1. Примарни земјоделски производители;<br>2. преработувачи на храна; и<br>3. трговци со земјоделски производи. | 1. Примарни земјоделски производители;<br>2. преработувачи на храна; и<br>3. трговци со земјоделски производи. | Мали и средни трговски друштва |
| **Степен на искористеност на средствата** | ИФАД 1 обезбеди 6.2 милиони $ (4.710.000 СПВ за кредити). Повлечени се сите средства од кредитот. Степенот на нивна искористеност изнесува 91 %.<br>Проектот ИФАД 1 заврши со имплементација на активностите на 31.12.2005 година, а проектот се затвори на 30.06.2006 година.<br>Од јуни 2005 година се хармонизираа условите за пласман на кредитите од кредитните линии ИФАД 1 и ИФАД 2.<br>Од вратените ануитети е формиран револвинг фонд. | ИФАД 2 обезбеди 7 милиони $ (5.450.000 СПВ за кредити) средства наменети за кредити. Степенот на искористеност на средствата од оваа кредитна линија изнесува 70%. Од почетокот на реализацијата на ИФАД 2 кредитната линија во октомври 2003 година заклучно со 12.04.2006 година, преку Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд се рефинансирани 1473 кредити во вкупен износ од 8,7 милиони евра (ИФАД 1 и ИФАД 2), од кои 6 милиони евра се средства на ИФАД, а помал дел се од револвинг фондот. Финансиските институции учествуваат со 2,7 милиони евра. Во овој број и износ на рефинансирани кредити се и средствата одобрени од ИФАД 1, по извршената хармонизација во јуни 2005 година, со која се изедначија условите на пласман на кредити од двете кредитни линии. | Во фаза на имплемантација |
| **Деловни банки кои го нудат кредитот** | Инвестбанка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Тутунска банка АД Скопје, □ИБ Куманово, Штедилница Можности и Штедилница ФУЛМ | Инвестбанка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Тутунска банка АД Скопје, КИБ Куманово, Штедилница Можности и Штедилница ФУЛМ | Во фаза на договарање и селекција |
| **Забелешка** | Проектот за развој на јужните и источните региони на Република Македонија има за цел:<br>1. Подобрување на стандардот на живеење на населението во руралните и недоволно развиените средини во јужниот и источниот дел на земјата;<br>2. Намалување на невработеноста на активноспособното население од неразвиените подрачја;<br>3. Зголемување на приходите на индивидуалните земјоделски домаќинства и малите претпријатија<br>4. Развој на бизнисот во земјоделството со посебен акцент на индивидуалниот имот;<br>5. Користење на современа технологија за квалитетно производство кое ќе овозможи полесно подобар пристап кон интегрираните пазари на ЕУ и Југоисточна Европа. | Проектот за Финансиски услуги во земјоделството има за цел:<br>1. Подобрување на стандардот на живеење на населението во руралните средини преку зголемена економска активност што ќе биде исплатлива и одржлива во услови на пазарно стопанисување;<br>2. Намалување на невработеноста на активното и работоспособно рурално население;<br>3. Развој на бизнисот во земјоделството со посебен акцент на индивидуалниот имот;<br>4. Користење на современа технологија за квалитетно производство што овозможува подобар пристап кон интегрираните пазари на ЕУ и Југоисточна Европа;<br>5. Максимално искористување на сите компаративни и други потенцијални можности на земјишните ресурси за подобрување на производствената структура во примарното производство и развојот на претпријатијата за преработка на земјоделски производи;<br>6. Создавање на постојани земјоделски кредитни линии кои се економски исплатливи, строго наменски и во согласност со развојните потреби на руралниот сектор. | Средствата од оваа кредитна линија ќе се применат за парцијално финансирање (до 50%) на издржливи инвестициони проекти во корист на МСТД, со што ќе се зајакне нивната оперативна состојба и можност за создавање и задржување на околу 950 работни места по искористување на сите средства кои се на распологање од заемот. |

| Кредитна линија | Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија од Владата на Холандија Имплементатор - Македонската развојна фондација за претпријатија | Проектот за развој на приватниот сектор на Фондот за меѓународна соработка и развој од Тајван Револвинг фонд | Кредитна линија за креирање нови работни места во мали и средни претпријатија од Банката за развој при Советот на Европа ЦЕБ револвинг фонд |
|---|---|---|---|
| **Износ** | 1. Заем тип 1 до 10.000 €<br>2. Заем тип 2 од 15.000 до 75.000 €<br>3. Заем тип 3 до 15.000 € | 1. до 400.000 $ за мали и средни претпријатија<br>2. до 200.000 $ за земјоделство | нема лимит |
| **Рок на враќање** | до 5 години | 1. до 7 години за МСП,<br>2. до 5 години за земјоделство | од 5 до 10 години |
| **Грејс период** | до 1 година | до 2 години | Грејс периодот го одредува банката во зависност од вредноста на под–заемот и можниот обрт на средствата во однос на времето за враќање на истиот. |
| **Годишна каматна стапка** | Ја одредува индивидуално секоја финансиска институција. | Охридска банка а.д Охрид– од 7,23% до 8,23% ;<br>Стопанска банка а.д Скоп је – од 7,2388% до 12%;<br>Комерцијална банка а.д Скопје – 7.23%;<br>Тутунска банка а.д Скопје – 8,0075%;<br>Инвест банка а.д. Скопје – 6,34%;<br>Македонска банка а.д Скопје – 7,75% | Стопанска банка а.д. Скопје – 9,643% до 9,730%;<br>Комерцијална банка а.д. Скопје – од 6,89% до 6,90%;<br>Охридска банка а.д. Охрид – од 6,93%. |
| **Обезбедување** | Согласно кредитната политика на финансиската институција вклучена во спроведување на кредитната линија. | Согласно кредитната политика на банките учеснички. | Согласно кредитната политика на банките учеснички. |
| **Намена на кредитот** | За инвестиции во основни средства и работен капитал | 1. кредити за мали и средни претпријатија<br>– за основни средства – за набавка на машини и опрема, од било која природа (освен стекнување на земја), и<br>– за обртни средства – за набавка на суровини и резервни делови.<br>2. кредити во областа на земјоделството<br>– набавка на земјоделска механизација, основно стадо, оранжерии, подигање на насади, опрема, набавка на суровини, репроматеријали. | Изградба/набавка на имот, набавка на машини и опрема, набавка на суровини и резервни делови, како и активност на едукативни тренинг програми. |
| **Целни групи** | Заем тип 1: индивидуални земјоделци, самостојно вработени лица и претприемачи на микро претпријатија;<br>Заем тип 2: мали претпријатија со 4 до 20 вработени;<br>Заем тип 3: микро претпријатија со најмногу 3 вработени. | Мали и средни претпријатија и индивидуални земјоделски производители како и претпријатија ангажирани во производството или маркетингот на земјоделски производи. | Мали и средни претпријатија кои што работат во трудо–интензивни индустрии: текстилна, кожна, прехрамбена индустрија и др. гранки, кои би овозможиле креирање на нови работни места, освен примарно земјоделско производство. |
| **Степен на искористеност на средствата** | Владата на Холандија обезбеди 7,2 мил. €. Искористени се 100%. Од наплатената главнина се формира револвинг фонд, кој се пласира под истите услови. | Средствата од Заемот од Фондот за меѓународна соработка и развој (ИЦДФ) – Тајван се целосно искористени. Средствата од Револвинг Фондот од овој Заем се кај банките учеснички кои ги пласираат на кра–јните корисници под истите услови | Средствата од Заемот одобрен од Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) во износ од ЕУР 5,113 милиони се целосно искористени. Средствата од Револвинг Фондот од овој Заем се кај банките учеснички кои ги пласираат на крајните корисници под истите услови. |
| **Деловни банки кои го нудат кредитот** | Тутунска банка АД Скопје, ИК банка АД Скопје, Можности ДОО Скопје | Охридска банка а.д Охрид, Стопанска банка а.д Скопје, Комерцијална банка а.д Скопје, Тутунска банка а.д Скопје, Инвест банка а.д. Скопје и Македонска банка а.д Скопје. | Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Охридска банка АД Охрид. |
| **Забелешка** | | Со средствата од под–заемот може да се финансираат најмногу 85% од вкупната вредност на под–проектот. Банката и крајниот корисник на под–заемот ќе го финансираат остатокот од најмалку 15%. | Средствата не може да се користат за проекти од земјоделството, освен за пре–работка и доработка на земјоделски производи.<br>Се исклучува од финансирање обртниот капитал и услугите поврзани со операци–ите на проектот (трошоците за одржување, плати и друго).<br>Со средствата од под–заемот може да се финансира најмногу 50% од вкупната вредност на под–проектот. Останатите 50% се финансираат од сопствени средст–ва на крајниот корисник или од средства на банката учесничка. |

| Кредитна линија/ Извор на средства | АПЕКС глобален заем од Европска Инвестициона Банка | Одлука за условите и критериумите за репласирање на средства од компензациони фондови од странска помош (Одлука од Сл. в. 60/2004) | | Одлука за условите и критериумите за репласирање на средства од компензациони фондови од друга странска помош (Одлука од Сл. в. 28/2005) | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Износ** | 20.000 € до 12.500.000 € | Максималниот износ не е дефиниран во Одлуката, се финансира согласно проектот по вообичаени банкарски услови за МСП. | | Максималниот износ не е дефиниран во Одлуката, се финансира согласно проектот по вообичаени банкарски услови за МСП. | |
| **Рок на враќање** | од 4 до 12 год. | краткорочни кредити 9 месеци | долгорочни кредити 5 години | краткорочни кредити 9 месеци | долгорочни кредити 5 години |
| **Грејс период** | до 3 години | 3 месеци | 1 година | 3 месеци | 1 година |
| **Годишна каматна стапка** | Комерцијална банка а.д Скопје – од 7,21% до 7,36%<br>Тутунска банка а.д. Скопје – од 5,945% до 7,86%<br>Охридска банка а.д. Охрид – 7,21% до 7,36% | 3% | 3% | 3,5% под есконтната стапка на Народна банка на Р.М. | 3,5% под есконтната стапка на Народна банка на Р.М. |
| **Обезбедување** | Согласно кредитната политика на деловните банки учесници во реализација на кредитот | Банкарска гаранција | Хипотека во висина 2:1 или банкарска гаранција | Банкарска гаранција | Хипотека во висина 2:1 или банкарска гаранција |
| **Намена на кредитот** | – Набавка на материјални и нематеријални средства директно поврзани со проектот; и<br>– Зголемување на постојниот обртен капитал поврзан со проектот. | суровини, репроматеријали, | инвестициони проекти | суровини, репроматеријали, | инвестициони проекти |
| **Целни групи** | Мали и средни претпријатија од областа на индустријата (вклучувајќи ја земјоделската индустрија), секторот на услуги и туризмот, како и други сектори (трговија, финансирање во здравствен сектор, секторот на образованието и друго)<br>Подружници кои претставуваат мали и средни претпријатија на големите претпријатија. | МСП од областа на стопанството | | МСП од областа на стопанството | |
| **Степен на искористеност на средствата** | Средствата во висина од ЕУР 20 милиони од Заемот од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) се целосно искористени.<br>За понатамошно користење на располагање се средствата од Револвинг Фондот. | Отплатени средства од странски помошти кои генерираат компензациони фондови. Во моментот нераспределени се 63.000.000 милиони денари. | | Отплатени средства од странски помошти кои генерираат компензациони фондови. Во моментот нераспределени се 42.000.000 милиони денари. | |
| **Деловни банки кои го нудат кредитот / Министерство за финансии** | Комерцијална банка а.д Скопје, Стопанска банка а.д Скопје, Македонска банка за поддршка на развојот Скопје, Тутунска банка а.д. Скопје и Охридска банка а.д. Охрид. | Министерство за финансии, Сектор за управување со капитал, Одделение за странска помош | | Министерство за финансии, Сектор за управување со капитал, Одделение за странска помош | |
| **Забелешка** | – Со средствата од Заемот може да се финансираат трошоци настанати не подолго од 6 месеци од одобрувањето на проектот;<br>– Од вкупната вредност на под–проектот 50% се финансира со средствата од подзаемот, додека останатите 50% може да бидат финансирани од страна на крајниот корисник или деловната банка и/или кофинансирани од други финансиски институции;<br>– Согласно Прирачникот за финансирање утврден од страна на ЕИБ постојат исклучувања или ограничувања на набавки за кои не е дозволено или финансирањето е дозволено со посебно одобрение на ЕИБ. | Селекција на пријавените проекти и нивно одобрување врши Комисијата за менаџмент со Компензациони фондови, формирана од Владата на Република Македонија. | | Селекција на пријавените проекти и нивно одобрување врши Комисијата за менаџмент со Компензациони фондови, формирана од Владата на Република Македонија. | |

## КРЕДИТНИ ЛИНИИ ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОБЕЗБЕДЕНИ И ГАРАНТИРАНИ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СОСТОЈБА ВО МАЈ 2006 ГОДИНА

(податоците се од информативен карактер, деталните услови се достапни во деловните банки)

| **Кредитна линија** | **Кредитна линија за финансирање на трајни обртни средства доделени од Владата на Република Македонија - Банка агент МБПР** | **ГАРАНЦИИ** | **Гарантен Фонд на Македонска Банка за Подршка на Развој-Проект на Владата на РМ** |
|---|---|---|---|
| **Износ** | До 300.000 ЕВРА | Услови под кои се одобрува гаранција на крајни корисниц | Гаранции се доделуваат за сите долгорочни кредити за инвестиции од кредитните линии дистрибуирани преку банките потписнички на договори за соработка со МБПР |
| **Рок на враќање** | 3 години | Вид на гаранција | **Гаранции за кредит:**1. обезбедени гаранции, односно гаранции обезбедени со инструменти за обезбедување кои банките не ги прифаќаат, |
| **Грејс период** | нема | Максимален износ | – максималниот износ на поединечната гаранција за кредит која може да биде издадена од Гарантниот Фонд е 35.000 ЕВРА во денарска противвредност;<br>– максималниот износ на кредит за која може да биде издадена гаранција е 150.000 ЕВРА во денарска противвредност<br>– гаранцијата не може да надмине износ од 33 % од главницата на бараниот кредит/основното средство/репроматеријалите и суровините |
| **Годишна каматна стапка** | 8% | Рок на враќање на кредит за кој е издадена гаранција | Гаранција може да се издавана кредити/набавки со максимален рок на отплата од 5 години со вклучен грејс период |
| **Обезбедување** | Хипотека, залог, меници и други инструменти прифатливи за деловните банки | Надомест за гаранција | Гаранции за кредит:<br>– 0,6% годишно за обезбедени гаранции |
| **Намена на кредитот** | Финансирање на трајни обртни средства | Манипулативен трошок | – 1,5% еднократно за обезбедени гаранции |
| **Целни групи** | Извозно–ориентирани трговски друштва | Намена на кредитот за кој се издава гаранција | Инвестиции во постоечки или нови технологии со кои се зголемува извозот од РМ |
| **Имплементатор** | Деловни банки | Целни групи | – потенцијални основачи на МСП<br>– постоечки МСП со доминантен приватен капитал<br>– вршители на земјоделска дејност |
| **Деловни банки кои го нудат кредитот** | Еуростандард банка, Извозна и Кредитна банка, Инвестбанка, Комерцијална банка, Македонска банка, Охридска банка, Силекс банка, Стопанска банка Битола, Стопанска банка Скопје, Тетекс–Кредитна банка, Тетовска банка, Тутунска банка и УНИ банка | Имплементатор | Македонска Банка за Подршка на Развојот |
| | | **Деловни банки преку кои е можно користење на гаранција** | сите банки кои ќе пројават интерес |
| | | **Забелешка** | Владата на РМ преку трансфер на 265 милиони МКД од буџетот на РМ на посебна сметка на МБПР со цел зголемување на приватните инвестиции во економијата формираше Гарантен фонд на МБПР. кој пред деловните банки служи како обезбедување на заемите во случај кога МСП не можат да обезбедат колатерал, за економски издржани деловни идеи, придонесувајќи кон намалување на ризикот на банките кои ги финансираат малите бизниси. |

## ДРУГИ ПРОЕКТИ ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, состојба  мај 2006 г.
(податоците се од информативен карактер, деталните услови се достапни кај имплементаторите)

| Гаранции | Гарантен фонд - проект на Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА) | Кредитен фонд | Фонд за кредитирање МСП - проект на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) |
|---|---|---|---|
| **Услови под кои се одобрува гаранција на крајни корисници** | Гаранции се доделуваат за сите кредити од кредитните линии дистрибуирани преку банките потписнички за соработка со ГФ (освен за потрошувачки и станбени кредити) | **Видови кредити** | Краткорочни иновативни кредити за обртни средства за МСП: кредити за финансирање на нарачки за познат купувач, производство наменето за извоз, факторинг и др. |
| **Видови гаранции** | Гаранции за кредит:<br>обезбедени гаранции, односно гаранции обезбедени со инструменти за обезбедување кои банките не ги прифаќаат;  необезбедени гаранции, во одредени случаи се издаваат гаранции за кои не се зема обезбедување.<br>Гаранции за добавувачот:<br>1. за набавка на основни средства<br>2. за набавка на суровински репроматеријали | **Намена на кредитот** | Финансирање на подготовка на производство и испорака на производи на домашни и странски пазари, набавка на суровини и репроматеријали, трошоци за пакување, работна сила, тестирање, транспорт, царина, даноци, и др. |
| **Максимален износ** | – максималниот износ на поединечната гаранција за кредит која може да биде издадена од Гаранти Фондот е  60.000 евра во денарска противвредност;<br>– максималниот износ на поединечната гаранција за добавувачи за набавка на основни средства која може да биде издадена од Гаранти Фондот е  60.000 евра во денарска противвредност;<br>– максималниот износ на поединечната гаранција за набавка на суровини и репроматеријали која може да биде издадена од Гаранти Фондот е  30.000 евра во денарска противвредност;<br>гаранцијата не може да надмине износ од 60 % од главницата на бараниот кредит/основното средство/репроматеријалите и суровините | **Износ** | од 10.000 УСД до 120.000 УСД |
| **Рок на враќање на кредит** | Гаранција може да се издавана кредити/набавки со максимален рок на отплата од 5 години  со вклучен грејс период | **Рок на враќање** | од 30 дена до 179 дена. |
| **Надомест за гаранција** | Гаранции за кредит:<br>– 2% годишно за обезбедени гаранции<br>– 5% годишно за необезбедени гаранции<br>Гаранции за добавувачи:<br>3% од висината на гаранцијата на годишно ниво;<br>1% годишно за обезбедени гаранции;<br>2,5% годишно за необезбедени гаранции. | **Годишна каматна стапка** | од 8% до 12% |
| **Манипулативен трошок** | – 1,5% еднократно за обезбедени гаранции;<br>– 1% еднократно за необезбедени гаранции;<br>– 1% еднократно за гаранции за добавувачи. | **Провизии** | 1. 100 УСД за поднесување барање за кредит;<br>2. 0,5%  за обработка на барање; и<br>3. 2% за управување со кредитот. |
| **Намена на кредитот за кој се издава гаранција** | Создавање нови или сочувување на постоечките работни места | **Обезбедување** | Неотповикливи акредитиви, банкарски гаранции, полиса за осигурување извоз, барирани чекови, залог, меници,  др. |
| **Целни групи** | потенцијални основачи на МСП<br>постоечки МСП со доминантен приватен капитал и најмногу 50 вработени<br>вршители на земјоделска дејност | **Целни групи** | Претпријатија од наведените индустриски гранки можат да поднесат барања за кредит:<br>1. производство на прехрамбени производи и пијалаци;<br>2. производство на текстил и текстилни производи;<br>3. производство на кожа, предмети од кожа и кожна галантерија;<br>4. производство на основни метали и стандардни метални производи;<br>5. производство на градежни материјали;<br>6. преработка на дрво о производи од дрва, производство на машини и електрични уреди. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Имплементатор** | Центар за поттикнување на развојот на МСП Скопје | **Имплементатор** | МСП Фонд Скопје |
| **Деловни банки кои го нудат кредитот** | Тутунска Банка, Комерцијална Банка, Инвест Банка, Охридска Банка, Еуростандард Банка, КИБ Куманово, Штедилница Можности, Стопанска банка Битола | **Основач на фондот** | МСП фондот е основан и управуван од Crimson Capital Corp. САД со 1,5 мил УСД кредитен фонд. |
| **Забелешка** | Шведска агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА) додели 1.880.000 евра со цел осно–вање прв Гарантен фонд во Р.М. кој пред деловните банки служи како обезбедување на заемите во случај кога МСП не можат да обезбедат колатерал, за економски издржани деловни идеи, придонесувајќи кон намалување на ризикот на банките кои ги финансираат малите бизниси. Гаранти фондот воведе и издавање на гаранции за добавувачите кои се издаваат во корист на фирми кои купуваат опрема и/или репроматеријали. Гаранцијата се издава на добавувачот кој ќе испорача опрема на одложено плаќање при што клиентот пред подигнувањето на гаранцијата би палтил најмалку 25% од вредноста на опремата/репроматеријалите на добавувачот.. Остатокот е покриен со гаранција на ГФ што значи дека доколку купувачот не го плати преостанатиот дел од долгот во предвидениот рок, тоа ќе го стори ГФ.<br>Заклучно со април 2006 година искористени се 100% од средствата. Нови гаранции сеуште се издаваата од средствата од револвингот. | **Забелешка** | МСП фондот кредитира приватни правни субјекти:<br>1. кои вршат дејности во производството, трговија и услуги;<br>2. кои покажуваат позитивни финансиски резултати во досегашното работење;<br>3. чиј број на вработени се движи од 10 до 200 лица;<br>4. кредитобарателите треба да ја вршат истата дејност најмалку 3 години, или пак менаџерите на тие претпријатија да имаат искуство во вршењето на таа дејност како физички лица доколку прет–пријатието е формирано пред помалку од 3 години;<br>5. приоритет имаат претпријатијата кои се извозно ориентирани, обезбедуваат поголем број на нови вработувања, остваруваат нето девизни приливи, користат домашни суровини и се грижат за заштита на човековата околина. |

# Кратки вести

## 10 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА

Македонската берза одбележа 10 години од своето работење. Претседателот Бранко Црвенковски со удар во берзанското ѕвоно го означи почетокот на втората деценија од работењето на берзата. „Прославуваме јубилеј кој е значаен не само за Берзата како институција, туку и за целата македонска економија. Пред 10 години трите удари во истото ѕвоно означија почеток на тргувањето на Македонската бер-



за, првиот организиран пазар на хартии од вредност на овие простори. Тоа значеше почеток на функционирање на институцијата која го носи епитетот „огледало на пазарната економија", рече претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски на одбележувањето на јубилејот на Берзата.

Тој истакна дека основана од финансиски институции, со цел да овозможи брз, лесен, транспарентен и непречен трансфер на сопственоста на хартиите од вредност, во своите почетоци Берзата во многу наврати беше пред големи предизвици и не ретко со мисионерска улога на креатор на пазарниот амбиент во Република Македонија. Развојот на Македонската берза АД Скопје во изминатите 10 години на најдобар начин ја потврдува тезата дека берзата и случувањата на и околу неа се барометар на економските текови во државата.

„Напорите за создавање ефикасен пазар на хартии од вредност кој ќе функционира согласно европските и светски стандарди, полека, но сигурно, вродуваат со плод. Низ постојан развој, надминување на т.н. „бебешка" фаза, аплицирање на искуствата од други берзи, Македонската берза изгради сопствен имиџ на институција која успеа да промовира нови вредности", истакна претседателот.

Во втората деценија од работењето, Македонската берза треба да го надградува имиџот на институција со висок квалитет, непристрасност и професионалност, да нуди модалитети за канализирање на домашната заштеда во поддршка на развојните планови на акционерските друштва и да се подготви за соочување со конкуренцијата на големите европски пазари на хартии од вредност. „Верувам дека Македонската берза ќе успее да одговори на овие предизвици, воедно остварувајќи ги зацртаните определби за градење на сигурен, ефикасен и транспарентен пазар на хартии од вредност", рече претседателот Бранко Црвенковски.

## САД ОДОБРИЈА 10,7 МИЛИОНИ ДОЛАРИ ЗА РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО МАКЕДОНИЈА

Министерот за финансии, Никола Поповски, и директорот на американската Агенција за меѓународен развој (УСАИД), Дик Голдман, потпишаа договор за реализација на неколку проекти за развој на приватниот сектор во вредност од 10.770.000 долари. Помошта ќе биде употребена за стимулирање на економскиот раст, преку овозможување полесно и попрофитабилно работење на домашните и на странски претпријатија во Македонија. Некои проекти ќе имаат цел да создаваат поволна клима за бизнис во земјата, додека други проекти ќе се фокусираат директно на зголемување на конкурентноста на поединечни фирми, како и цели индустриски гранки.

„Поддршката на економскиот развој и растот на приватниот сектор во Македонија е во интерес на нашите земји. Задоволство ни е да работиме со нашите партнери од Министерството за финансии, со кои имаме традиција на соработка и заемна почит. Министерството за финансии спроведе неколку реформи, како што е неодамнешното донесување на

Законот за стечај и под водство на министерот Поповски, обезбеди одлично управување на макроекономски план", вели Голдман. Новата помош од САД следува по поддршката на фискалната реформа и другите иницијативи што имаа цел да го стимулираат економскиот раст во Македонија. Имплементаторите и деталните планови за проектите се уште не се определени.

Од 1993 година, САД преку УСАИД во Македонија инвестираше над 450 милиони долари. Моментално се спроведуваат над 20 проекти во вредност од над 30 милиони долари. Овие проекти имаат цел да ја поддржат транзицијата на Македонија кон пазарна економија и мултиетничко демократско општество. Тие содржат иницијативи за забрзување на економскиот раст, развивање на демократски институции и едуцирање на граѓаните за потребите на модерната економија.

## МАКЕДОНИЈА И ШВЕДСКА ПОТПИШАА СПОГОДБА ЗА РАЗВОЈНА СОРАБОТКА

Вицепремиерот Радмила Шекеринска и државниот секретар на Министерството за надворешни работи на Кралството Шведска Аника Содер, во Скопје потпишаа Спогодба за развојна соработка меѓу двете земји. Потпишувањето на Спогодбата е во рамките на блиските односи на пријателство и разбирање меѓу Република Македонија и Кралството Шведска, а во интерес на проширувањето на билатералната поддршка и соработка меѓу владите на двете земји. Спогодбата ќе ја покрива билатералната соработка во периодот до 2010 година, дефирнирана во Новата Стратетија за развојна соработка.



Новата Стратегија, на сите нивоа на помош, ќе биде во согласност со напорите на Република Македонија за пристапување во ЕУ. Шведската програма за поддршка има јасна секторска перспектива, а фокусот на соработката ќе биде ставен на земјоделството и руралниот развој. Земјоделскиот сектор, а соодветно на тоа, малите фарми и претприемништвото ќе бидат главни корисници на шведските средства. Билатералната помош се планира да биде во износ од 70 милиони шведски круни (7,5 милиони евра) на годишно ниво. Во споредба со досега, помошта е зголемена за 10 милиони шведски круни годишно.

## СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИОТ ДОЛГ ОД 2006 - 2008

Република Македонија ќе ги ги намали своите трошоци при отплатата на јавниот долг на земјава во следниве три години. Тоа ќе го постигне со Стратегијата за управување со јавен долг за периодот од 2006 до 2008, што беше изгласана од Собранието. Министерот за финансии, Никола Поповски, појасни дека станува збор за среднорочна стратегија, а основна цел е на среден рок да се минимизираат трошоците за негово сервисирање. Во стратегијата се дадени и ризиците со кои се соочува портфолиото на долгот, како и препораките за негово менаџирање.

Инаку, во однос на БДП, на крајот на 2005 година јавниот долг на Македонија изнесува 40,9% или 1,8 милијарди евра. Најголемиот дел е деноминиран во странска валута, а само 6% во домашна. Поголем дел од долгот е во хартии од вредност, меѓу другото, и во првата еврообврзница. Со Стратегијата се предлага лимитот на јавниот долг да има тенденција на континуирано намалување од 40,9% кон 37% од БДП, потоа лимитите на издадени државни гаранции да имаат незначителен тренд на раст од 3,8% до 4,1% од БДП, а вкупниот лимит на државно задолжување да биде околу 189 милиони евра, од кои 131 милион евра задолжување кон странство.

Република Македонија е на дното на листата на земји со средна задолженост. Според министерот за финансии Никола Поповски, средствата од приватизацијата на ЕСМ сериозно ја зацврстија буџетската рамка и се гаранција дека сервисирањето на јавниот долг нема да биде проблем. Долгорочно цел е Македонија да стане полноправна членка на ЕУ и таа се подготвува за примена на еврото како валута, за што треба да ги исполни критериумите на Европската монетарна унија.

## ДОГОВОР ЗА ФОРМИРАЊЕ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА НОВИ БИЗНИСИ

Во Ректоратот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" – Скопје е потпишан договор со Австриската агенција за развој за формирање на универзитетски центар за развој на нови бизниси. Договорот го

потпишаа ректорот на Универзитетот Ѓорѓи Мартиновски, деканот на Машинскиот факултет Милан Косевски и амбасадорот на Австрија во Република Македонија Филип Хојос.

Основни цели на проектот се формирање на Центар за развој на нови бизниси при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј, кој ќе претставува креативен инкубатор на иновативни технолошко базирани и услужно ориентирани решенија, подигнување на претприемачката свест и начин на размислување помеѓу студентите, скорешните дипломци и наставниот и асистетски кадар на Универзитетот, зголемување на практичните бизнис вештини на студентите и дипломците со цел да се мотивираат да отворат сопствени бизниси и директна асистенција и консалтинг на студентите со цел самовработување и развој на сопствена фирма.

## МЕПСО ОБЕЗБЕДИ 25 МИЛИОНИ САД $ ЗА РАЗВОЈ

Светската банка му одобри заем од 25 милиони долари на МЕПСО за подобрување на сигурноста и развој на енергетската мрежа во Македонија. Договорот за заемот го потпишаа претставникот на Светска банка во Македонија Сандра Блуменкамп и директорот на МЕПСО Трајче Черепналковски, а министерот за финансии Никола Поповски се потпиша во име на државата за давање гаранција за заемот.



Со средствата, ќе се финансира воспоставувањето на енергетска врска со Грција преку Битола, изградба на нови трафостаници и ревитализација на постојните меѓу кои и трафостаницата „Скопје 5“.

Според Блуменкамп, целта на Договорот е да се обезбеди функционирање на македонскиот преносен систем и да се подобри сигурноста во снабдувањето на енергијата ако се има предвид, како што рече, дека во наредните години проблем ќе биде обезбедувањето на електрична енергија не само во Македонија туку и на светско ниво. „Производните капацитети се со просечна старост од 30 години што значи потребни се дополнителни капацитети за да се избегнат рестрикции и недостиг на енергија“, изјави Блуменкамп.

Министерот за финансии Никола Поповски, по потпишувањето на Договорот истакна дека секоја земја која нема да успее успешно да го реши енергетскиот проблем не може да смета на економски раст, и токму од тие причини, Владата вложува најголем дел од јавните инвестиции во сообраќајната инфраструктура и електроенергетската мрежа. Владата со задоволство ја издава оваа гаранција бидејќи е уверена дека заемот ќе биде инвестиран на вистински начин и дека МЕПСО е финансиски способен да го врати. Заемот е дел од финансиската поддршка што Светската банка и ја дава на земјите од ЈИЕ за развој на енергетскиот сектор, вредна над една милијарда долари.

## ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА АМБАСАДАТА НА САД

Со свечена церемонија на локацијата Градиште, симболично се одбележа започнувањето на изградбата на новата американска амбасада во Скопје. Според американската амбасадорка Џилијан Миловановиќ, новата амбасада на САД ќе претставува силен и видлив симбол на пријателство, партнерство и на заедничките демократски вредности што постојат меѓу САД и Македонија. Претседателот Бранко Црвенковски, истакна дека изградбата на новиот објект е симбол на старите и традиционални основи на пријателство, разбирање и соработка помеѓу двете држави и двата народа, кои имаат своја долга предисторија. На свеченоста која се одржа на височрамнината над реката Вардар, каде што ќе се гради новиот комплекс, присуствуваа голем број гости, претставници на Владата, политичките партии, членови на дипломатскиот кор, на локалната самоуправа, верските заедници и бизнисмени.

„Новата американска амбасада претставува крупна американска инвестиција во земјава и израз на довербата во иднината на Македонија како независна, стабилна, мултиетничка држава“, истакна амбасадорката Миловановиќ, која заедно со претседателот Црвенковски и претставниците на Стејт департментот за прекуокеански градежни операции ги поставија темелите за изградба на амбасадата.

Претседателот Црвенковски во својот говор на свеченоста рече: „Македонија во октомври минатата година го стави во функција новиот објект на својата целосно реновирана амбасада во Вашингтон. Денес, САД во Скопје ја започнуваат изградбата на новиот

објект. Во двата чина е содржана посебна симболика – изградивме или започнуваме со изградбата сосема нови објекти, но тоа го правиме врз старите и традиционални основи на пријателство, разбирање и соработка помеѓу двете држави и двата народа кои имаат своја долга предисторија„.

Плановите се до 2008 година на месноста Градиште да никне новиот објект, кој според најавите ќе се вклопи во средината и ќе содржи елементи од македонската архитектура. Овој проект, според претставниците на САД, на македонската економија ќе и донесе над 31.6 милиони долари.

## ДИРЕКТНА АВИОНСКА ЛИНИЈА МОСКВА - СКОПЈЕ

Компанијата „Р–Турс“ од почетокот на јуни ќе отвори директна авионска линија на релација Москва – Скопје – Охрид, наменета во најголем дел за руските туристи кои ќе сакаат да ја посетат Македонија. Одлуката за отворање на летот Москва – Скопје беше соопштена на свеченото отворање на големиот московски саем на туризмот „Патувања и туризам“. Првпат на таа манифестација учествува и Република Македонија. На свеченото отворање говореше амбасадорот на Македонија, Ристо Никовски, додека земјата беше претставена од неколку туристички агенции. Организаторот на нашиот настап е Министерството за економија.



Неспорно е дека отворањето директна авиолинија Москва – Скопје создава големи можности за развој на туризмот и за полесно патување на деловните луѓе. Во Русија постои голема симпатија спрема Република Македонија, па со право се очекува и бројот на руските туристи да биде се поголем. Организаторите на новата авио линија се надеваат дека потенцијални патници би можеле да бидат жителите од јужните делови на Србија, Косово, но и на Албанија, кои патуваат во Русија.

## СВЕТСКАТА БАНКА ЌЕ ГО ПОДДРЖУВА РАЗВОЈОТ И НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР

Светска банка најави почеток на работа на две студии финансирани со грант од банката. Првиот е нацрт на концесиски договори за мини–хидроцентрали, а вториот, рамка за привлекување на приватни инвестиции во развојот на малите хидроцентрали. Тимот на Светската банка наскоро ќе ги започне разговорите околу содржината на студиите со Министерството за економија и со Регулаторната комисија за енергетика, како корисници на овие грантови.

Според банката, веќе се одржани средби со МЕПСО заради преземање на мерки за старт на регионалниот енергетски проект ЕСЕЕ APL 3, за чија имплементација на Македонија неодамна и беа одобрени 25 милиони долари. Покрај тоа, глобалниот Фонд за заштита на околината ГЕФ, ја разгледува можноста за доделување грант од 5,8 милиони долари за поддршка на обновливата енергија и енергетската ефикасност, за што се планира наскоро да започнат преговори со Владата.

Тимот на Светската банка ја образложи и целта на регионалната студија за гасификација, која во моментов се подготвува за земјите од Југоисточна Европа. Главни цели на оваа студија се одредување на степенот на побарувачка на природен гас, анализа на економичноста на користењето на гасот од Каспискиот басен, Блискиот Исток и Русија, анализа на трасите за гасовод и идентификација на потенцијалните институционални и правни бариери за гасификација.

## „СВИСЛИОН“ СТАНА КОСОПСТВЕНИК НА„АГРОПЛОД“

„Свислион„ ќе учествува на тендерот за државниот капитал во „Агроплод“, најавуваат од канцеларијата на друштвото во Скопје. Прехранбената индустрија „Свислион“ минатата недела преку Македонската берза откупи 25% од капиталот во ресенската фабрика, со намера наскоро да го докупат доминантниот управувачки пакет. Производите од „Агроплод„ ќе се пласираат на пазарот преку дистрибутивната мрежа на Свислион, поради што и дел од вработените од ресенската фирма ќе поминат кај новиот косопственик. Свислион најавува и редизајн на амбалажата на производите, како и најдоцна до септември ремонт на целата опрема за производство.

Швајцарската „Свислион“ Д.Р.Д во сопственичката струтура на „Свислион“ ДОО Скопје учествува со 70% од капиталот, додека останатите 30% се сопственост на странско физичко лице. Скопското

друштво е дел од 16 фабрики на компанијата „Свислион“, и тоа за преработка на кондиторски производи, храна и производство на пиво. Државата во „Агроплод“ поседува 20% од капиталот.

## ОДОБРЕН ПРВИОТ ПРЕГЛЕД НА СТЕНД-БАЈ АРАНЖМАНОТ СО ММФ

Бордот на директори на Меѓународниот Монетарен Фонд на 19 април 2006 година, го одобри успешното комплетирање на Првиот преглед на Стенд–бај Аранжманот што Република Македонија го има склучено со ММФ. Членовите на Бордот на директори се согласија со позитивната оценка на извршувањето на мерките предвидени со Програмата која е во поддршка на Аранжманот. Бордот на директори ги поздравија охрабрувачките економски резултати кои ги оствари Владата на Република Македонија во текот на досегашната имплементација на Аранжманот, и дадоа признание за добрата фискална и монетарна политика која што ја спроведува Владата. Исто така, беше ставен акцент на обемната агенда на структурни реформи предвидена со Аранжманот, како на потребата од понатамошно одржување на финансиска дисциплина и понатамошно подобрување на управувањето во здравствениот сектор.

Бордот на директори, ја поздрави успешно завршената приватизација на ЕСМ–Дистрибуција, истакнувајќи дека пакетот на приватизации треба да се заокружи со успешна постприватизација на преостанатиот дел од акциите во Телеком, со цел понатамошно либерализирање во овој сектор, во согласност со обврските кон ЕУ.

Бордот на директори, исто така, истакна дека и понатаму Владата на РМ треба да работи на подобрување на бизнис климата во земјата што е клучно за привлекување на странски директни инвестиции од една страна, како и за подготовка на земјата за влез во Европската Унија.

## ИЗРАЕЛСКА ЈАФА ЌЕ ИНВЕСТИРА ОД 15 ДО 20 МИЛИОНИ ЕВРА ВО ИНО СПЕКТАР

Израелската компанија Јафа најверојатно ќе инвестира од 15 до 20 милиони евра во развој на скопската фабрика за производство на сокови Ино Спектар. Планирано е со развојот на фабриката физичкиот обем на производство на сокови двојно да се зголеми, и со тоа да се победи домашната и конкуренцијата од соседните земји. За таа цел Израелците досега потрошиле околу 2,5 милиони евра, за опремување на фабриката со најсовремени машини, за изработка на дизајн на амбалажата на соковите, како и за изработка на маркетинг стратегија. Само за обука на вработените од Јафа планираат да потрошат околу 40.000 евра. Досега се купени и 15 возила за дистрибуција на соковите, а склучен е и договор за рекламна кампања со една од домашните маркетинг агенции со кои се изработува планот за дизајн на амбалажата на соковите.

Инаку, Јафа веќе ги ребрендираше соковите на Ино Спектар, а скопската фабрика според израелски рецепт ќе ги произведува и брендовите „Јафатропик“ и „Јафа фреш“, природни сокови. Очекувањата се дека со новите инвестиции, годишниот промет би можел да достигне 20 милиони евра преку продажбата на соковите со нов бренд, на пазарите во Србија и Црна Гора, БиХ, Бугарија и Романија.

## ОБНОВА НА ШЕСТ ПУМПНИ СТАНИЦИ ОД ОХРИДСКИОТ КОЛЕКТОР

Министерот за животна средина и просторно планирање, Зоран Шапуриќ, и швајцарскиот амбасадор во Македонија, Томас Фуглистер, во Скопје потпишаа финансиски Договор за рехабилитација на шест пумпни станици за охридскиот колектор. Станува збор за прв сегмент од Програмата за води на швајцарската влада, што во континуитет ќе се спроведува за заштита на водите во Република Македонија. Со потпишувањето на Договорот, швајцарската Влада, преку агенцијата СЕКО, на Македонија и доделува грант во износ од околу 1 милион швајцарски франци, наменети за рехабилитација на шесте пумпни станици на источниот дел од колекторскиот систем.



„Владата на Швајцарија уште еднаш излегува во пресрет на нашите потреби и се потврдува како наш добар партнер за реализација на активности, кои се

тесно поврзани со заштита на животната средина. Се надевам дека со оваа помош ќе се обезбеди непречено функционирање на колекторскиот систем околу Охридското Езеро, ќе се елиминираат проблемите и застојот, кои беа чести заради застарената опрема во него и како краен резултат ќе добиеме подобрен квалитет на езерските води“, рече Шапуриќ.

Амбасадорот Фуглистер истакна дека Охридиското Езеро се смета за еден вид уникатен систем во земјата, но и во Европа, поради што е неопходна неговата заштита.

## СОРАБОТКА МЕЃУ СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ХОНГ КОНГ

Претставници на Сојузот на стопански комори на Република Македонија одржаа прва деловна средба со Стопанската комора на Хонг Конг. На средбата, како што се наведува во соопштението од Сојузот, двете комори ги претставија своите организации и ги усогласија начините на комуникација и соработка во иднина.

Средбата со Стопанската комора на Хонг Конг е дел од посетата на ССК на Кина, во која се предвидуваат и средби со стопанската комора на Шангај, билатерални деловни средби со кинески стопанственици, како и посета на светски саеми за електроника, компоненти и производи за широка потрошувачка.

Резултат од посетата на Кина треба да биде отпочнување на забележително институционално поврзување на македонските бизнисмени со бизнисмените од Кина и Хонг Конг, при што би се олеснила трговската размена и би се продлабочила деловната размена меѓу овие две земји.

## ОТПОЧНУВАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА МАТКА 2

„Компанијата Рико ги приврршува сите подготовки потребни за склучување на договорот, и во првата половина на мај ќе почне со изградба на хидроцентралата Матка 2“, изјави Марјан Шифтар, амбасадорот на Република Словенија во земјава.

Конзорциумот на Рико сериозно преговара за организацијата на оваа инвестиција, во која е предвидено 50% од инвестицијата да ја извршат домашни изведувачи.

Амбасадорот на Словенија истакна дека и покрај досегашните проблеми на словенечките компании за инвестирање во Македонија, интерес за влез во бизнисот се уште постои, дури и се зголемува. „Меркатор и Енерготуш имаат стратегија за ширење во Југоисточна Европа, така што без оглед на проблемите со земјиштето, претставникот на Енерготуш продолжува со разговори со потенцијалните партнери на локално ниво“. Исто така, и компанијата Турбоинститут ќе учествува на тендерот на ЕЛЕМ за малите хидроцентрали, но дали ќе победи зависи од конкуренцијата.

Шифтар ги посочи и досегашните успешни примери на словенечки инвестиции во Македонија, како Тутунска банка, која е капитално поврзана со Нова Љубљанска банка, берзанските словенечки куќи, кои стануваат се поинтензивни играчи на Македонската берза. Освен нив, за влез на македонскиот пазар има најави и од осигурителното друштво Триглав, Геодетскиот завод, и компанијата Хелиос. Областите на соработка се енергетика, финансиски услуги, градежништво и лозарство.

## БРИЛИЈАНТ ЌЕ ГРАДИ ФАБРИКА ЗА БИОДИЗЕЛ

Штипски „Брилијант“ ќе гради фабрика за производство на биодизел еколошко гориво по европски стандарди. За таа цел раководството на фабриката потпиша договор за технолошка опременост со германската компанија „ГЕА Вестфалија“. Во новиот производствен капацитет „Брилијант“ ќе вложи 9,8 милиони евра. Производството ќе биде целосно автоматизирано, со годишен капацитет од 100.000 тони гориво. „Технологијата што ќе се применува во новата фабрика овозможува целосна искористеност на суровините, без отпадни материјали што ја загадуваат околината. Биодизел горивото е алтернативно, антитоксично, биолошки разградливо, еколошко гориво, создадено од суровини од разновидно растително потекло“, истакнуваат во оваа штипска фабрика.

# ПАЗАРИ ВО РАЗВОЈ ВО ЕВРОПА: Справување со растечките дефицити на тековните сметки

**Клучни ризици и понатаму се зголемувањето на домашната побарувачка во евро областа, големите регионални дефицити на тековната сметка и брзиот кредитен пораст**



Во европските земји во подем, регионалниот пораст на БДП се сведе на умерено ниво од 5.4% од исклучително високото ниво во 2004 година, и се проектира дека ќе остане близу ова ниво во 2006 година, поткрепено од генерално силната домашна побарувачка и – и покрај апресијацијата на девизните курсеви – цврстиот пораст на извозот, поттикнат од континуираниот силен пораст на увозот кај трговските партнери. Инфлацијата на главните потрошувачки производи е умерена, а зголеманите цени на нафтата во голем број случаи се неутрализираат со порастот на валутите, иако притисоците на „прегревање„ предизвикуваат загриженост во делови во Јужна Европа и балтичките земји. Во блиска иднина, клучни ризици и понатаму се зголемувањето на домашната побарувачка во евро областа; големите регионални дефицити на тековната сметка; и брзиот кредитен пораст – особено кај изнајмувањето недвижности – во голем број земји во регионот, при што голем дел од кредитите се деноминирани во странска валута.

Регионалниот дефицит на тековната сметка забележа скромен пад на 5.2% од БДП во 2005, и се проектира да остане приближно на тоа ниво во 2006 и 2007 година. Во рамките на тоа, во регионот постојат различни трендови. Во југоисточна Европа, надворешно-трговските дефицити се зголемуваат – особено во Бугарија и во помала мера во Турција – водени од различните комбинации на растечка приватна домашна побарувачка и кредитен пораст, повисоките цени на нафтата и силните приливи на капитал, честопати придружени со апресирачки девизни курсеви. Во другите земји – особено во Чешката Република и Полска – дефицитите претставуваат опаѓачки тренд иако и понатаму се високи во балтичките земји, во Унгарија, и, од неодамна, во Словачка. На страната на финансирањето, учеството на финансирањето со долг (особено краткорочниот) постепено се зголемува – се очекува да финансира половина од регионалниот дефицит на тековната сметка во 2006 – и е особено високо во Турција, Унгарија, и балтичките земји.

Како што беше образложено во претходните изданија на World Economic Outlook, природата на ризиците поврзани со

овие дефицити е различна. Во централна Европа, дефицитите во надворешно–трговската размена се тесно поврзани со фискалната нерамнотежа; во балтичките земји и југоисточна Европа главно го рефлектираат однесувањето на приватниот сектор. Согласно на тоа, ризиците и корективните мерки во централна Европа се релативно јасни; во балтичките земји и југоисточна Европа, пак, и двете се многу посложени – особено со оглед на се поголемата употреба на финансирањето со долг – политиките се повеќе се „одење спроти течението“ за да ги намалат потенцијалните ризици. На среден рок, како прашање на пресметка, тековните сметки во повеќето земји треба значително да се приспособат со цел да се стабилизираат нето инвестициските позиции . Ова приспособување веројатно ќе биде полесно – и ќе вклучува помало приспособување на девизниот курс – колку што економијата е поотворена, доколку минатите приливи биле инвестирани во секторот на разменливи стоки и колку што се пофлексибилни домашните пазари. Управувањето со ова приспособување ќе биде од особено значење во оние земји кои имаат или планираат да се пренасочат кон режим на фиксен девизен курс, вклучувајќи и со цел да ги избегнат потенцијалните дефлаторни притисоци.

Во Полска, порастот на БДП забави на 3.2% во 2005 година, значително под потенцијалот, рефлектирајќи ја намалената домашна побарувачка по „бумот“ по добивањето членство во ЕУ во 2004 година, слабите услови на пазарот на работна сила и повисоките цени на нафтата. Во блиска иднина, порастот на БДП се очекува да се зголеми на 4.2% во 2006 година, а порастот на потрошувачката ќе биде поттикнат од повисоките пензиски плаќања. Меѓутоа, многу работи зависат од надворешните настани – особено порастот во Германија – и силата на инвестициите во контекст на комплицираната пост–изборна политичка ситуација. Со оглед на тоа што инфлацијата е проектирана да остане на таргетот од 2.5% или подолу во 2006 и 2007 година, каматните стапки постепено се намалуваа од почетокот на 2005 година. Клучен предизвик и понатаму ќе биде намалувањето на високиот дефицит на општата државна власт – кој, со исклучок на мерките на приспособување, веројатно ќе се стабилизира на околу 5% од БДП на среден рок – за да се стабилизира јавниот долг под 50% од БДП. Со оглед на тоа што невработеноста е 18%, а коефициентот на инвестиции и БДП е најнизок во регионот, мерките за подобрување на функционирањето на пазарот на работна сила и зајакнувањето на инвестициската клима исто така имаат приоритет.

Во Унгарија, порастот на БДП е близу до потенцијалниот, поттикнат од се поголемиот извоз, опоравувањето во Западна Европа и инвестициите во изградба на автопатишта. И покрај високите цени на нафтата, инфлаторните очекувања остануваат под контрола, а инфлацијата на клучните потрошувачки стоки е на најниско ниво досега; по постепените намалувања на стапката на Централната банка во текот на 2005, циклусот на олеснување заврши во октомври, а реалните стапки остануваат високи. Многу високиот надворешно–трговски дефицит и фискалниот дефицит – од кои и двата беа околу 7,5% од БДП во 2005 – се значителни; освен тоа, со оглед на неодамнешните даночни намалувања и континуирано високи јавни расходи, не се очекува големо подобрување во 2006. Иако ситуацијата се комплицира со претстојните избори, знаците за ослабување на пазарот ја истакнуваат потребата од решителна фискална консолидација. Големите девизни заеми на домаќинствата, исто така претставуваат ризик, зголемувајќи ја изложеноста на понатамошната депресијација на форинтот. Словенија и понатаму има стабилен пораст и стабилни макроекономски резултати; инфлацијата се намали на 2.5%, таа сега треба да ги исполни Мастришките услови и е добро подготвена да го усвои еврото во јануари 2007 година, како што е планирано.

> **На среден рок, тековните сметки во повеќето земји треба значително да се приспособат со цел да се стабилизираат нето инвестициските позиции. Ова приспособување веројатно ќе биде полесно - и ќе вклучува помало приспособување на девизниот курс - колку што економијата е поотворена, доколку минатите приливи биле инвестирани во секторот на разменливи стоки и колку што се пофлексибилни домашните пазари**

Порастот на БДП во Чешката Република се зголеми на 6 проценти во 2005 година, при забавен пораст на домашната побарувачка, урамнотежен со големиот пораст на извозот со насочувањето на досегашните странски инвестиции, и се очекува да дојде на умерено ниво во текот на 2006. Централната банка започна да го менува претходното олеснување на политиките, иако со оглед на тоа што инфлаторните очекувања се цврсто под инфлацискиот таргет од 3%, треба да се почекаат податоците за зајакнувањето на домашната побарувачка, која и понатаму е нестабилна, пред да се преземат понатамошни чекори. Иако дефицитот на општата државна власт беше намален на 2.6% од БДП во 2005 година, над 2% од

БДП под таргетот, со предлог–буџетот за 2006 овие придобивки се намалуваат, истакнувајќи ја потртебата за дополнителни напори за консолидација, особено со оглед на притисоците од стареење на населението, големите гаранции на јавниот сектор и ограничениот опфат за дополнителни приходи од приватизација. Во Словачка, макроекономските перспективи се стабилни, иако невработеноста – и покрај тоа штосе намалува – е многу висока. По вклучувањето во новиот механизам на девизен курс (ЕРМ–2) кон крајот на 2005 година, клучен предизвик ќе биде намалувањето на инфлацијата, со цел да се исполни Мастришкиот критериум со истовремено избегнување на номиналната апресијација на валутата, задача што ќе биде олеснета со построгата фискална позиција од сегашната.

**Со оглед на тоа што невработеноста во Полска е 18%, а коефициентот на инвестиции и БДП е најнизок во регионот, мерките за подобрување на функционирањето на пазарот на работна сила и зајакнувањето на инвестициската клима, исто така, имаат приоритет**

Во Балтичките земји, порастот на БДП е силен, поттикнат од генерално стабилните макроекономски политики и широките структурни реформи. Меѓутоа, со оглед на тоа дека домашната побарувачка е поттикната со брзиот пораст на кредитите за приватниот сектор, загриженоста од „прегревање„ се зголеми, рефлектирајќи се во дефицитите на тековната сметка; брзорастечките цени на капиталот и недвижностите; и – до помала мера – нагорните притисоци на цените, со што за било која земја е тешко да ги исполни Мастришкиот критериум за инфлацијата оваа година. Иако приоритетите се различни од една до друга земја, важни се мерките за ставање на кредитниот пораст под контрола, особено за хипотекарните заеми (неодамнешното затегнување на пруденттните регулативи во Естонија е добар чекор), како и зајакнатата финансиска супервизија; фискалната политика – иако генерално прудентна – треба да настојува да ги намали притисоците врз побарувачката.

Во Бугарија и Романија, домашната побарувачка значително ги надмина очекувањата, предизвикани од брзиот кредитен пораст, големите зголемувања на платите, даночното намалување во Јануари 2005 година (Романија), и континуираниот силен пораст на инвестициите (Бугарија). Согласно на тоа, инфлаторните притисоци се интензивираа – во Романија, и покрај значителната апресијација на леите – и дефицитот во надворешно–трговската размена нагло се зголеми – во Бугарија на 11.8% од БДП, и е еден од највисоките во регионот. Иако дефицитот во надворешно–трговската размена е главно воден од приватниот сектор, тој претставува се поголем извор на нестабилност, истакнувајќи ја потребата од зауздување на кредитниот пораст, особено кај домаќинствата; затегнување на фискалната позиција и, во Романија, поголемо ограничување на платите. Структурните реформи се клучни за зајакнување на страната на понудата, вклучувајќи ја поголемата флексибилност на пазарот на работна сила, приватизацијата во тек (Романија) и подобрување на деловната клима (Бугарија).

По исклучително брзата експанзија во 2005 година, порастот на БДП во Турција се очекува да биде умерен на 6% во 2006 година, а главен ризик со кој се соочува економијата е поврзан со високиот дефицит на тековната сметка. Спротивно на очекувањата, порастот на БДП се повеќе се потпира на домашната побарувачка, особено инвестициите; состојбата на сметката на надворешно–трговската размена и понатаму се влошува, главно поради зголемените цени на нафтата и растечките приливи на капитал – делумно рефлектирајќи ја големата глобална ликвидност и подобрите основи во Турција – проследени со реална апресијација на лирата. Иако составот на приливите на капитал значително се подобри – при што учеството на краткорочните приливи (вклучувајќи грешки и пропусти) речиси се преполови на 37% во 2005 година – Турција и понатаму е подложна на промени во расположението на инвеститорите. Буџетот за 2006 година соодветно обезбедува скромно зајакнување на фискалната политика, што дава простор за постепено монетарно олеснување и дополнително натрупување на резерви. Понатамошните структурни реформи, вклучувајќи го навременото донесување на пензискиот закон, зајакнувањето на наплатата на придонесите за социјално осигурување, реформата на данокот на доход и континуираното подобрување на банкарската супервизија – уште повеќе, многу брзиот пораст на кредитите за приватниот сектор – остануваат клучни фактори за одржување на силните економски резултати до денес и зголемување на отпорноста кон повторно влошување на состојбата во сегашните „бенигни“ надворешни услови.

Преземено од:
World Economic Outlook, April 2006

# ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА - "КВАНТЕН СКОК" ВО НОВА РЕАЛНОСТ

**За да се разберат сите аспекти и димензии на значење на овој чин, не е потребно да се навлегува длабоко во историјата, туку само да се зирне во блиското минато**

**Јован Деспотовски**

Јован Деспотовски е роден 1977 година. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, на отсекот Деловна-бизнис економија. Работел во BOMAG - Boppard (водечки светски производител на градежна опрема), потоа во „ЈП Комунална хигиена“ на проект од Светска банка, во „ЈП Македонски пошти“ бил член на одбор за контрола на материјално-финансиско работење и во Владата на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања.
Основач е и претседател на Здружение на граѓани „ДД - Директна Демократија“ Скопје, надворешен соработник е на Центарот за информативна деконтаминација на младите (БиХ) - проект поддржан од Шведскиот Хелсиншки комитет за човекови права, Ко-основач и член на МЕНСА Македонија (Асоцијација на лица со натпросечна интелигенција), член на Македонското Здружение на финансиски аналитичари, како и на Младинскиот Совет на Македонија. Зборува англиски, француски и германски јазик.

Квантниот скок во новата, европска, реалност на Република Македонија се случи на 15 декември 2005 година, кога шефовите на држави и влади на земјите членки на Европската Унија едногласно донесоа Одлука да ги наградат реформските напори на Република Македонија со статус на земја кандидат за членство. За да се разберат сите аспекти и димензии на значење на овој чин, не е потребно да се навлегува длабоко во историјата, туку само да се зирне во блиското минато. Овој текст е скромен обид да се потсетиме на сето она што придонесе во успехот што Република Македонија и сите нејзини граѓани го оствarија во последните денови на 2005 година.

Објективните околности на отворени прашања со соседите, блокади, закаените од прелевање на судирот од блиското соседство, но и слабата внатрешна организација и кадровска екипираност, немањето јасна визија и иницијатива се главните причини зошто Македонија ја испушти Агендата 2000 и проширувањето со 10 + 2 нови членки од поранешниот источен блок. Превземањето на одговорноста за процесот, во услови кога приоритет на новата Влада беше имплементацијата на Рамковниот договор, како инструмент на долгорочна стабилност и просперитет, дојде како последица на разбирањето на европската интеграција како политички проект за долгорочен мир во Европа.



Превземањето на ваквата одговорност значеше и вложување на

“Мислењата изразени во овој текст се на авторите и не мора во целост да ги претставува ставовите на Министерството за финансии”

значаен дел од сопствениот капацитет во овој процес, што носеше ризик од преголема изложеност на носителите на политичка власт на товарот на функциите на државата. Сепак, фактот дека внатрешната криза во 2001 година, заедно со причините(лите) кои доведоа до неа, не само што ја врати земјата на почеток, туку безмалку ја втурна и во историјата, наложи обврска за максимално сопствено вложување во процесите, чии резултати можат да гарантираат сигурност за индината на земјата и нашите сограѓани.

Првиот предизвик на управувањето со процесот на европска интеграција подразбираше негово издигнување на ниво на врвен стратешки приоритет на Владата. Креативниот пристап уште од самиот почеток овозможи широк дијапазон на аргументи за вадење од дневно–политичката арена, во која европската интеграција се наоѓаше дотогаш, и нејзино издигнување на врвот на агендата. Меѓу другите, еден од посилните аргументи и пред институциите на државата и пред јавноста беше дека имплементацијата на обврските од Рамковниот договор (како тогашен апсолутен приоритет), ќе биде успешна доколку се разбере како дел од процесот на интеграција во ЕУ т.е исполнувањето на политичките критериуми за членство.

**Првиот предизвик на управувањето со процесот на европска интеграција подразбираше негово издигнување на ниво на врвен стратешки приоритет на Владата. Креативниот пристап уште од самиот почеток овозможи широк дијапазон на аргументи за вадење од дневно-политичката арена, во која европската интеграција се наоѓаше дотогаш, и нејзино издигнување на врвот на агендата**

Успехот во наметнување на ваквата, нова, стратешка рамка на политичките реформи во Република Македонија послужи како добра основа за надминување на тешкотиите со кои се соочуваше имплементацијата на Рамковниот договор. Во таа смисла, како најдобар пример за позитивната улога на „аргументот европска интеграција“ беше неуспешниот референдум за новата територијална организација на општините, мотивиран од, според многумина, дневно политички цели. Референдумот беше сериозна закана за процесот на децентрализација, како една од најважните демократски реформски проекти на земјата. Токму од иницијаторите на референдумот, по само неколку месеци од истиот, дојде и најдобрата потврда за значењето на процесот на децентрализација, преку јавна кампања во печатените медиуми за резултатите на локалните власти во практикувањето на новите овластувања.

Паралелно со издигнувањето на процесот на европска интеграција на врвот на приоритетите на земјата и нејзината јавност, се наметна потребата од зајакнување на неговата внатрешна организација. Сериозно потценет во предходните години, капацитетот на клучната институција – Секторот за европска интеграција, почна да го намалува јазот до нивото што го налагаше дотогашното темпо на процесот. Постепено, се изгради тим на млади, способни и пожртвувани луѓе, кои сопствениот успех го мерат преку брзината на исполнувањето на препораките дадени во годишните извештаи на Европската Комисија. Новиот кадар успеа да наметне и нов однос кон самиот процес од чисто респонсивен кон проактивен. Така, 2003 и 2004 година воведени се нови инструменти за организирање и управување со европската интеграција, со целосно вклучување на државните институции, кои имаат надлежности, а со тоа и потребната експертиза во сите области. Акциониот план за реализација на препораките од Извештајот на Европската Комисија за РМ 2004 година е првиот елемент на новиот активен пристап на организација на процесот, врз база на јасно дефинирани обврски и рокови за нивна реализација.

Истовремено, како есенцијален дел на европската агенда, интензивиран е процесот на преведување на македонски јазик на европските правни акти и тоа од помалку од 2.000 страници до 2003, на преку 10.000 во 2004 и 2005 година. Со тоа, поставен е и основниот предуслов за интензивирање на процесот на приближување на законодавството, што се манифестира преку зголемен обем на годишните Програми, како и зголемен степен на нивна реализација. Така, во 2001 и 2002 година со Програмата се опфатени вкупно 21 правен пропис, што е еквивалентно само на годишната Програма за 2003. Веќе во 2004, процесот на приближување на законодавството е интензивиран за три пати, при што се опфатени вкупно 59 национални правни акти. Трендот на интензивирање продолжува и во 2005, каде само во првите два квартали апроксимирани се вкупно 45 правни акти.

Искачувањето на европската интеграција на врвот на агендата на земјата, зајакнувањето на внатрешните капацитети и проактивниот однос кон процесот резултираа со значаен напредок во сите области, идентификувани како приоритет од страна на ЕУ. Ваквиот напредок, комбиниран со јасната визија за

1) Преточен и во Националната стратегија за интеграција на РМ во ЕУ, усвоена во 2004 година

стратешкиот приоритет на Република Македонија[1] беа главните аргументи во прилог на одлуката за поднесување на Апликацијата за членство во ЕУ (март 2004). Во пресрет на донесувањето на ваквата одлука, се разви широка јавна дебата во однос на оправданоста на ваквиот чекор и изборот на тајмингот за истиот. Во рамките на дебатата, одредени политички субјекти отворено го манифестираа својот скептицизам кон ваквиот чекор, истакнувајќи дека Апликацијата на Република Македонија ќе доживее тотално фијаско т.е. дека во најдобра рака нема никогаш да добиеме одговор од Брисел.

Наспроти ваквите ставови, по поднесувањето на Апликацијата, на што предходеше Декларација на Собранието на РМ, веќе во октомври истата година, Европската Комисија и достави на Република Македонија Прашалник со повеќе од 2.500 прашања од сите области. Приемот на Прашалникот и подготовката на одговорите го следеа повеќе од 2.000 државни службеници, организирани во 31 работна група, координирани од страна на Секторот за европска интеграција. Одговорите на Прашалникот беа доставени на 15 февруари 2005 година, две недели пред провизорниот рок поставен од страна на Европската Комисија.

Со кредибилитет на сериозен партнер во исполнување на обврските и со највисоки оценки за понудениот квалитет на одговорите, Владата на Република Македонија продолжи со редовните контакти со Европската Комисија во процесот на подготовка на Мислењето. Како институционална рамка за овие контакти послужија Советот и Комитетот за стабилизација и асоцијација, формирани со Спогодбата, која беше целосно ратификувана од сите земји членки на ЕУ и стапи на сила предходната година, како прва воопшто во регионот на Западен Балкан (1 април 2004).

Кон тоа, треба да се додаде и фактот што нивото на јавен интерес кон процесот на одговарање на Прашалникот задржа константно високо ниво за време на целиот негов тек (4 месеци), со изразена целосна поддршка и доверба. Ова високо ниво на интерес продолжи да се манифестира и по февруари 2005, блиску следејќи ги сите коментари, препораки и сигнали од Брисел.

Во ноември 2005 година, Европската Комисија го објави своето позитивно мислење кон Апликацијата на Република Македонија за членство во ЕУ, со јасна препорака до Европскиот Совет за доделување статус кандидат за членство за нашата земја. Токму интензивирањето на реформските процеси и, во тие рамки, успешната реализација на еден од нејзините клучни проекти (Рамковниот договор) насочен кон исполнување на Политичките критериуми од Копенхаген, се посочени како основа за позитивното Мислење.

Еден месец потоа, на 15 декември 2005 година, Европскиот Совет следејќи ја препораката на Европската Комисија донесе Одлука за доделување на статус земја кандидат за членство во ЕУ на Република Македонија. По само 4 години од вооружениот конфликт и одот по работ на бездната, Република Македонија направи „квантен скок" и се најде пред самата порта на Европската Унија.

> **Европската Унија во моментот се соочува со поширока дебата за сопствената иднина, која ги вклучува и прашањата за идното проширување и досегот на сопствените граници. Едно е јасно, напорите кои сегашните земји кандидати (меѓу кои и Македонија) треба да ги вложат во исполнувањето на критериумите за членство, ќе бидат двојно поголеми од оние на 10-те нови членки**

Придобивките на статусот кандидат за Република Македонија се многубројни, при што би можеле да се издвојат неколку –

**(1)** Вклучување на Република Македонија во институциите и процесите во ЕУ, пред се, преку учество на официјални средби на Советот на министри и на КОРЕПЕР

**(2)** Значително намалување на трошоците на т.н политички ризик од инвестирање во Република Македонија. Статусот на кандидат целосно го промени прашањето за европската иднина на земјата од „дали" во „кога"[2]

**(3)** Во контекст на предходното, трансформација на инструментите за проектирање на процесот од годишни на среднорочни. Новата Национална програма за усвојување на европските аки ја определува агендата на земјата за следниот 4–5 годишен период, нудејќи значително поголем степен на предвидливост на законската рамка, а со тоа и подобра деловна клима

**(4)** Се зајакна силата на аргументот Европска интеграција, како значаен поттик во спроведувањето на реформите. Институциите – носители на реформските процеси се уверија дека со вложен труд и остварен резултат, вреднувањето т.е. чекорењето нанапред кон целта, нема да изостане

2) Веќе е забележлив зголемен интерес на странските инвеститори. Како објективна пречка за реализација на намерите се посочува изборната година, што како аргумент е својствен и за развиените пазарни економии (САД, ЕУ)

**(5)** Промена на нашиот став кон процесите од реципиент на прецизни насоки, до активен креатор на сопствената реформска агенда, насочена кон исполнување на критериумите за членство

**(6)** Можност за користење на Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија, чија структура во целост соодветствува со потребите на развојот на земјата (инфраструктура, животна средина, претприменииштво).[3]

**(7)** На крај, но секако не и последно по значење, Република Македонија прва ги почна разговорите за олеснување на визниот режим за патување во земјите од Шенген зоната.

Новиот активен пристап придонесе и во успешно реактивирање на некои иструменти од постар датум (Прекугранична соработка), а чии средства сега се ставаат на располагање на единиците на локална самоуправа, како поддршка на процесот на економски и социјален развој.

Новиот Инструмент за претпристапна помош, со кој се очекува засилена поддршка на Европската Унија на реформскиот процес и напорите за исполнување на критериумите за членство, носи неколку новини за Република Македонија.

- Прво, структура на помош која во целост одговара на потребите за економски развој на земјата (поддршка на инфраструктура, животна средина и земјоделие)
- Второ, обем на помош, која очекувано треба да се зголеми од сегашните 17.5 евра по глава на жител на околу 30 – 35
- Трето, начин на реализација т.е. воведување на децентрализиран систем на имплементација на помошта.

Кон последното, новиот ИПА инструмент ќе се имплементира според децентрализиран систем кој подразбира значително поголема вклученост на Владата и нејзините координативни механизми во процесот на утврдување на приоритетите и проектите, кои ќе се финансираат. Понатаму, самата постапка за избор на изведувачи на одделни проекти, исплатата на средствата и мониноринготот, како клучни фази во динамиката на реализација на помошта, ќе подлежат на истиот, децентрализиран систем, за што во тек е сеопфатни подготовки за Министерството за финансии (како носител) и останатите институции.

Со статусот на земја кандидат и исполнувањето на политичките критериуми за членство, Владата на Република Македонија ги рефокусира своето внимание и ресурси кон економијата и потребата од забрзан раст и намалување на невработеноста. Кредибилитетот стекнат со успешната имплементација на еден крупен реформски проект (Рамковниот договор) е добар влог во очекувањата дека фокусирањето на Економските критериуми ќе донесе видливи ефекти во следните неколку години.

Клучен збор за 2006 и годините што следат е – КОНТИНУИТЕТ во одењето на напред, кон Европа.

Европската Унија во моментот се соочува со пошироко дебата за сопствената иднина, која ги вклучува и прашањата за идното проширување и досегот на сопствените граници. Едно е јасно, напорите кои сегашните земји кандидати (меѓу кои и Македонија) треба да ги вложат во исполнувањето на критериумите за членство, ќе бидат двојно поголеми од оние на 10–те нови членки. Оттаму, следен клучен чекор за Република Македонија е добивањето на датум за почеток на преговори за членство. Одлуката ќе зависи од оценката на Европската Комисија за исполнувањето на петте приоритети во Европското партнерство за 2006 година[4], меѓукои најзначајно место има спроведувањето на изборниот процес, согласно највиските демократски принципи и стандарди.

Со добивањето на датумот за преговори, Република Македонија ќе и се придружи на Република Хрватска во овој процес, што треба да доведе до остварување на крајната цел – целосна подготвеност за членство во ЕУ до 2010 година.

Континуитетот во водењето на процесот на пристапување во Европската Унија ќе гарантира продолжување и интензивирање на реформите, сега со акцент на економската и институционалната сфера. Воспоставените релации на блискост и доверба со институциите на Европската Унија (Комисија) и земјите членки ќе бидат од клучно значење во процесот на преговори.

Воедно, истите се очекува во голема мера да помогнат и во напорите на Владата/Секретаријатот за европски прашања за ефикасно искористување на европските фондови, со кои ќе бидат поддржани активностите на локалната самоуправа, деловниот сектор, невладините организации и граѓаните.

3) Македонија, Хрватска и Турција ќе ги користат сите 5 компоненти на новиот инструмент, додека останатите т.е. преткандидати само 2 (Институционална надградба и Прекуграничка соработка)

4) Донесување на Закон за полиција и пакетот закони од областа на реформата на судството, воведување на едношалтерски систем за регистрација на ТД и адресирање на неколку отворени прашања од реализацијата на ССА

# Правосудниот систем во Република Македонија низ призмата на спроведувањето на стратегијата за негова реформа



**Досега во Република Македонија имаше повеќе обиди за реформи во правосудството. Дел од нив беа реализирани само делумно, додека друг дел останаа на ниво на декларативни определби. За тоа најмногу придонесе непостоењето единствен документ поддржан од сите релевантни институции во правосудството**

**Никола Прокопенко**

Никола Прокопенко (роден во 1974 година) е раководител на Одделението за судови и јавно обвинителство во Министерството за правда. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје во 1997 година. Во Министерството за правда се вработува во 1998 г. Учествувал во работата на повеќе комисии за подготовка на закони од областа на правосудството. Има учествувано и во работата на неколку комитети во рамките на Советот на Европа. Завршил интернационални специјалистички студии на Институтот за јавна администрација на Турција и Средниот Исток – ТОДАИЕ во Анкара. Има минато тримесечно стажирање во Европскиот суд за човекови права и во Советот на Европа, а ја завршил и „Високата административна обука за млади државни службеници„, организирана од ЕНА и Агенцијата за државни службеници. Постдипломец е на ИСППИ во Скопје и ја привршува изработката на магистерската теза на тема: „Изборот на судиите – основна претпоставка за независно судство„. Учествувал на повеќе стручни и научни собири во нашава земја и во странство. Има објавено трудови во повеќе домашни и странски стручни и научни списанија и публикации. Коавтор е на Коментарот на Законот за заштита на сведоци со упатства за примена на законот и меѓународни документи. Говори англиски, а се служи со руски и турски.

## I. Стратегијата за реформа на правосудниот систем со анекси

### 1. Неопходноста за донесувањето стратегија

Темелните зафати во нашиот правосуден систем се condition sine qua non во процесот на реформи во кој се наоѓаме. Тоа го диктираат констатираните слабости во неговото функционирање во изминатиов период и, пред сè, целите за кои се определивме и кон кои се стремиме. Креирањето на рамката во која се зацртани основните насоки и на предвидените реформи, како и временската динамика за нивно спроведување претставува појдовна претпоставка за успешен исход. Утврдените активности се комплексен процес чија ефикасност е детерминирана од повеќе значајни фактори. Имено, промените во правосудството се причинско–последично поврзани со реформирањето на јавната администрација, на извршната власт и особено со зафатите во економскиот систем. Во исто време, тоа значи и дека од резултатите на реформата на правосудниот систем во голема мера ќе зависи и економскиот развој чиј најзначаен стимуланс треба да бидат странските инвестиции.

Нужноста од реформите во правосудството посебно произлегува и од нашата неподелена стратегиска определба за интегрирање во евроатланските структури. Тоа е тесно поврзано со функционирањето на демократските институции и на правната држава, при што независноста на судството е еден од најбитните фактори. Така, Копенхагенските критериуми за членство во Европската унија, меѓу другото, особено ја нагласуваат важноста на почитувањето на човековите права и на правата на малцинствата, на принципот на владеење на правото, стабилноста на институциите и гарантирањето на демократијата. Затоа, во процесот на хармонизацијата на нашето законодавство со acquis communi-

“Мислењата изразени во овој текст се на авторите и не мора во целост да ги претставува ставовите на Министерството за правда”

taire исклучително битна улога има функционирањето на правосудниот систем согласно европските стандарди. Според обемот можеби не многу голем, но содржински сигурно најважен дел од Спогодбата за стабилизација и асоцијација претставува Главата VII – Правда и внатрешни работи во која се дефинирани активностите што треба да бидат преземени во областа на правосудството.

**Темелните зафати во нашиот правосуден систем се condition sine qua non во процесот на реформи во кој се наоѓаме. Од резултатите на реформата на правосудниот систем во голема мера ќе зависи и економскиот развој чиј најзначаен стимуланс треба да бидат странските инвестиции**

Досега во Република Македонија имаше повеќе обиди за реформи во правосудството. Дел од нив беа реализирани само делумно, додека друг дел остануваа на ниво на декларативни определби. За тоа најмногу придонесе непостоењето единствен документ поддржан од сите релевантни институции во правосудството. Тоа не ретко доведуваше до дисонантни тонови и мошне често спротивставени ставови и несинхронизирани активности меѓу разни институции. Затоа, пред започнувањето на сегашниве реформски зафати како приоритет се наметна неопходноста за изготвување документ – стратегија во кој би биле јасно дефинирани насоките, мерките и активностите, одговорните институции, временската рамка и финансиската конструкција за нивно ефикасно реализирање. Значењето на Стратегијата е до толку поголемо со оглед на  фактот дека е донесена во соработка со сите одговорни субјекти од правосудството и ја доби поддршката од стручната и пошироката јавност што е особено битно за нејзината имплементација. Меѓутоа, реформите се процес и секое настојување и очекување за нивна реализација „преку ноќ“ би било илузија. За правосудството – особено. Имено, нивното успешно имплементирање претпоставува исполнување на четири битни услови: знаење, вештина, време и трпение. Токму затоа, нивното целосно осмислување во Стратегијата е комплексен проект кој ги содржи насоките и целите, ги определува мерките и активностите, ги нагласува приоритетите, класифицирајќи ги во одредени временски фази.

### 2. Хронологија на изготвувањето и донесувањето на стратегијата

Изготвувањето на Стратегијата започна со Информацијата на Министерството за правда за потребите од реформи во правосудството што беше усвоена од Владата на Република Македонија. Притоа, беше формиран Совет за реформи во правосудството составен од претставници од сите правосудни институции, здруженијата на судиите и јавните обвинители, како и од истакнати универзитетски професори кој ги инкорпорира ставовите на правосудните институции и на науката и компаративните искуства во оваа сфера. Заслужува да се истакне значењето на работата на Советот како во фазата на усвојувањето на Стратегијата, така и во претстојниот процес на нејзината имплементација. Имено, улогата на Советот не завршува со донесувањето на Стратегијата, туку од големо значење се и неговите активности што го опфаќаат следењето на спроведувањето на документот преку насочување на реформите кон јасно зацртаните цели, како и оние што се поврзани со координацијата меѓу правосудните институции одговорни за овој реформски зафат.

За приближување на Стратегијата до стручната јавност, како и пошироко до граѓаните, беа организирани повеќе стручни и јавни расправи. Така, беа одржани три стручни дебати за подрачјата на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип. Исто така, по текстот на Стратегијата се дискутираше и на повеќе трибини што ги организираа невладини организации. Особено е битно тоа што за постигнувањето политички консензус Стратегијата беше доставена и до парламентарните партии во опозиција за давање нивни забелешки, мислења и сугестии како придонес за подобрување на предложениот текст. Исто така, Стратегијата беше предмет и на екпертиза на повеќе меѓународни организации. Нејзиното донесување беше поддржано од Европската комисија, Советот на Европа, ОБСЕ, Светската банка и од други меѓународни институтии кои искажаа позитивни оценки за решенијата содржани во неа.

Владата на Република Македонија, на крајот на 2004 година ја усвои Стратегијата за реформа на правосудниот систем со анекси и Акционен план за нејзина имплементација. Во неа беа вградени и мислења од стручните и јавните дебати, како и сугестии од експертизите на меѓународните организации.

### 3. Цели, принципи, содржина и основни карактеристики на стратегијата

Стратегијата по својата суштина претставува сеопфатен документ кој ги тангира глобалните прашања поврзани со развојот на судскиот систем, јавното обвинителство, пенитенцијарниот систем, јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот. Таа ги содржи одговорите на пет суштински

прашања што еден ваков документ мора да ги понуди: а) постојната состојба во правосудството во Република Македонија со неминовно идентификување на пројавените слабости во неговото функционирање; б) визијата за неговиот иден развој; в) методите и начинот како да се изведат реформите; и г) неопходните кадровски капацитети и материјално–финансиски ресурси за реализација на зацртаните мерки и активности.

Предложените решенија во Стратегијата претставуваат глобална насока и рамка за реализирање на реформите во нашиот правосуден систем. Притоа, нејзина цел не е детално регулирање на поединостите во секоја област, бидејќи тоа треба да биде направено со конкретни законски проекти. Според својата природа, документот претставува надоградување на правосудниот систем преку елиминирање на пројавените слабости во неговото функционирање и отворање реални можности за негов натамошен развој. Токму затоа, заклучоците и препораките содржани во Стратегијата како конкретни мерки и активности се темелат врз потребите и проценките за развојот на правосудниот систем и претставуваат синтеза на меѓународните стандарди во областа на правосудството и на компаративните искуства адаптирани на спецификите на нашиот правен систем, традиции и култура.

Целите на Стратегијата се дефинирани во нејзиниот воведен дел. Тие се класифицирани во генерална, односно општа и во поединечни цели кои произлегуваат од нea. Генерална цел на Стратегијата е изградба на функционален и ефикасен правосуден систем заснован врз европските правни стандарди, додека нејзините поединечни цели се детерминирани од специфичната природа на сегментите на правосудниот систем и институциите што го сочинуваат.

Според својот карактер, мерките и активностите во Стратегијата можат да се поделат на: политички, законодавни и финансиски. Политичките активности имаа за цел постигнување политички консензус за нејзиното донесување и, особено, за обезбедување целосна поддршка во фазата на нејзината имплементација. Законодавните мерки се состојат од изготвување и донесување соодветни решенија во сферата на материјалното, процесното и организациското законодавство. Финансиските мерки и активности подразбираат обезбедување услови за остварување на предвидените решенија во Стратегијата (човечки ресурси, материјални средства, опрема и технологија, финансиски средства и сл.). Секако, спроведувањето на овие мерки и активности во голема мера е условено и од успешното медиумско промовирање на Стратегијата проследено и со широк спектар едукативни содржини.

Законодавните мерки и активности наложуваат донесување закони од областа на материјалното, процесното и организациското законодавство. Целта на новата рамка на материјалното законодавство, пак, треба да претставува доградба и развивање на постојниот правен систем за постигнување негова целосна хармонизираност со европските и меѓународните стандарди во областа на правосудството. Промените во процесното законодавство треба да обезбедат постигнување брз пристап до правдата и ефикасно остварување на правата на граѓаните. Структурално–организациските промени ќе значат редефинирање на поставеноста и на надлежностите на одделни органи за градење ефикасни, стабилни, деполитизирани, независни и одговорни институции.



Усвојувањето на Стратегијата не би смеело да се сфати како завршување на реформите. Ниту донесувањето на законите и институционално – организациските промени предвидени во неа да претставуваат нејзина крајна цел. Напротив, Стратегијата е само базичен документ во кој се дефинирани насоките и правците за идниот развој на правосудниот систем во Република Македонија. Затоа, може да се рече дека нејзиното донесување претставува, можеби, најлесниот дел од целиот реформски процес. Потешкиот дел, кој неминовно опфаќа и зголемување на свеста на сите субјекти во правосудството и пошироко за потребата од реформи, допрва претстои.

Стратегијата, пред с□, се базира врз неколку основни принципи од кои поголемиот дел се и темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија дефинирани во членот 8 од Уставот: владеење на правото; поделба на власта на законодавна, извршна и судска; гарантирање на независ–

носта на судството и самостојноста на јавното обвинителство, како и на самостојниот јавно–правен статус на адвокатурата, јавното правобранителство и нотаријатот; правична и соодветна застапеност на припадниците на заедниците во правосудните институции; заштита на правата на граѓаните; гарантирање еднаков пристап до правдата; брзо и ефикасно постапување; спречување злоупотреби и несовесно постапување или корупција; почитување на правилата на професионалната етика; и прифаќање на европските стандарди во сферата на правдата.

**Значењето на Стратегијата е до толку поголемо со оглед дека е донесена во соработка со сите одговорни субјекти од правосудството и ја доби поддршката од стручната и пошироката јавност што е особено битно за нејзината имплементација. Меѓутоа, реформите се процес и секое настојување и очекување за нивна реализација "преку ноќ" би било илузија. За правосудството - особено**

При изготвувањето на Стратегијата од особено значење беа и придонесот на домашните експерти од областа на правосудството и анализите, ставовите и сугестиите на домашни и на меѓународни организации. Посебно заслужуваат да бидат спомнати: Елаборатот за самостоен судски буџет усвоен од Владата на Република Македонија, Основните премиси и насоки за реформа на системот на едукација и стручно усовршување на судиите и на јавните обвинители во Република Македонија подготвени од Центарот за континуирана едукација, извештаите за работата на судовите и на јавното обвинителство, Анализата на Associates Consulting Group во рамките на Проектот за правда и внатрешни работи на Европската комисија, Индексот на судска реформа за Македонија изготвен од ABA/CEELI, Извештајот од првата мисија за оценување во областите правда и внатрешни работи во Република Македонија, како и други согледувања од повеќе институции.

При предлагањето конкретни мерки и активности за идниот развој на правосудниот систем во Република Македонија се тргна, логично, од констатираните слабости во неговото досегашно функционирање. Како најкарактеристични се набележани следниве: бавност на постапките и тешка достижност на правдата; тешко и долготрајно извршување на конечните одлуки; преголема оптовареност на правосудните институции со багателни предмети; неорганизираност во управувањето со предметите; застареност на опремата и недоволно функционално користење на ИТ – технологијата; непостоење детални критериуми за финансирање на судовите и на јавното обвинителство; недоволна координација меѓу Врховниот суд, Републичкиот судски совет и Министерството за правда; недоволна подготвеност на човечките ресурси во професионална и етичка смисла; лоша материјална состојба; изборот и именувањето на судиите и на јавните обвинители подложен на партиски влијанија; непостоење систем на континуирана едукација на судиите, јавните обвинители и другиот персонал со целосна поддршка и финансиран од државата; појави на нестручност, несовесност и корумпираност; како и недоволно развиена комуникација со јавноста.

За успешна имплементација на Стратегијата беше изготвен Акционен план во кој се дефинирани конретните мерки и активности и се определени одговорните субјекти за нивна реализација. Тие се вградени во временска рамка за реализација која мерките и активностите ги класифицира во краткорочни, среднорочни и долгорочни.

### 4. Структура на стратегијата

Стратегијата е поделена во три дела: воведни напомени, судски систем и јавно обвинителство. Нејзини анекси претставуваат сегментите посветени на реформските активности во пенитенцијарниот систем, јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот.

Првиот дел ги содржи потребите за изготвувањето на Стратегијата и ги определува нејзините основни цели, ја потенцира важноста на независноста и непристрасноста на судовите, го дефинира методолошкиот приод и, на крајот, ја презентира структурата на документот. Притоа посебно е нагласена неопходноста од реформирање на правосудниот систем и на другите органи опфатени во Стратегијата за што во Република Македонија постои општ консензус. Целите на Стратегијата и резултатите од спроведувањето на активностите зацртани во неа се мошне битен сегмент во претстојната реформа на судскиот систем од што во голема мера ќе зависи интегрирањето на Република Македонија во евроатланските структури. Во првиот дел од Стратегијата посебно место имаат и методолошкиот приод и користениот инструментариум .

Вториот дел го опфаќа судскиот систем во Република Македонија. Во почетокот е дадена куса ретроспектива на неговиот досегашен развој, со посебен осврт врз карактеристиките и слабостите во функционирањето во одделни периоди. Исто така, содржана е правната рамка на постојниот судски

систем. Прикажани се и статистички показатели за работата на судовите (во прилог на Стратегијата) кои претставуваа база за идентификување на некои од проблемите во функционирањето на судството.

Насоките за реформите во судскиот систем во Република Македонија во најголем дел се однесуваат на независноста на судството и на нужноста од зголемување на неговата ефикасност. Како клучни претпоставки кои ја детерминираат независноста на судството се нагласени: селекцијата, изборот и разрешувањето на судиите, нивниот тренинг и финансирањето на судството. Зголемувањето на ефикасноста на судството подразбира и промени во повеќе сегменти на судскиот систем. Притоа како причини кои најмногу влијаат врз оддолговлекувањето на постапките се идентификувани: слабостите во процесното законодавство, несоодветната организациона поставеност на судството, непостоењето систем за алтернативно решавање спорови и немањето систем на целосна покриеност на судството со информатичка технологија.

Третиот дел на Стратегијата се однесува на јавнообвинителската организација со сите нејзини сегменти: организациската поставеност, функцијата на кривично гонење и насоките за идните активности.

Анексите на овој документ се посветени на пенитенцијарниот систем, јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот. Реформските зафати во нив треба да дадат значаен придонес за поефикасно функционирање на правосудниот систем во целина.

### 5. Реформа на судскиот систем

Генерално, реформата на судскиот систем е насочена кон две клучни цели: зголемување на ефикасноста на судството и јакнење на неговата независност. Секој од овие пилари се детално анализирани во сите нивни сегменти. Така, на пример, во делот што се однесува на независноста на судството Стратегијата ги опфаќа системот на неговото финансирање, изборот и разрешувањето на судиите, како и нивната едукација. Од аспект на ефикасноста на судството особено внимание се посветува на потребата за поедноставување на постапките што треба да се постигне со менување на процесните закони, одредено редизајнирање на поставеноста и надлежностите на судскиот систем, како и со унапредување на системот на информатичката технологија во судовите и со можноста за алтернативно решавање спорови.

За имплементацијата на Стратегијата е одредена динамика со нагласување на приоритетите. Со оглед на големиот број заостанати предмети, прв приоритет претставува зголемувањето на ефикасноста на судовите што ќе се постигне со поедноставување на процесните закони.

Значаен дел од Стратегијата е посветен на системот на селекција и избор на судиите како една од основните претпоставки за независност на судството. Во тој контекст беше направена темелна анализа на функционирањето на постојниот систем на избор на судиите, беа консултирани компаративните модели за избор на судии во повеќе земји и беа земени предвид меѓународните стандарди (особено оние на Советот на Европа) во оваа област. Понуденото решение во Стратегијата за редефинирањето на составот на Републичкиот судски совет во смисла на учество на мнозинство судии беше широко поддржано како од страна на стручната јавност и практичарите во Република Македонија, така и од меѓународните експерти кои беа вклучени во валоризирањето на Стратегијата. За телото кое ќе ги избира судиите беа предложени повеќе варијанти со детални образложенија. Советот за реформа на правосудството во завршната верзија го прифати решението судиите да бидат избирани од судски совет.

> **Усвојувањето на Стратегијата не би смеело да се сфати како завршување на реформите. Ниту донесувањето на законите и институционално - организациските промени предвидени во неа да претставуваат нејзина крајна цел. Напротив, Стратегијата е само базичен документ во кој се дефинирани насоките и правците за идниот развој на правосудниот систем во Република Македонија**

Како едно од суштинските прашања Стратегијата го елаборира и системот на иницијален тренинг на судиите и на јавните обвинители. Глобално е поддржано воведувањето ваков тренинг, што би претставувало зголемување на стручноста и професионалноста на судиите, од една, и лимитирање на можноста за одредени партиско–политички влијанија при нивниот избор, од друга страна. Заради тоа беше предвидено еден од приоритетите да претставува и прераснување на Центарот за континуирана едукација во инстутуција од јавен карактер која ќе биде финансирана од државата и во чија надлежност ќе биде спроведувањето на иницијалниот и на континуираниот тренинг на судиите и на јавните обвинители.

Во сферата на финансирањето на судовите во последниве години е постигнат значителен напредок. Донесувањето на Законот за судски буџет

овозможи менување на системот на финансирање на судовите во сите негови сегменти: од изготвувањето на буџетот, преку неговото донесување, па се до алокацијата на средствата. Сепак, и во оваа сфера се неопходни одредени реформи кои, пред с, треба да бидат насочени кон дефинирање јасни и сеопфатни критериуми за финансирање на судството, донесување Закон за плати на судиите и решавање на проблемите околу колизијата на Законот за судски буџет и легислативата од областа на финансиите (пред се, во смисла на барањата за одобрување нови вработувања од Министерството за финансии).

**Како едно од суштинските прашања, Стратегијата го елаборира и системот на иницијален тренинг на судиите и на јавните обвинители. Глобално е поддржано воведувањето ваков тренинг, што би претставувало зголемување на стручноста и професионалноста на судиите, од една, и лимитирање на можноста за одредени партиско-политички влијанија при нивниот избор, од друга страна**

Континуираната едукација на судиите и на јавните обвинители како една од претпоставките за независност на судството зазема исклучително значајно место во Стратегијата. Насоките за дејствување во оваа област, покрај прераснувањето на Центарот за континуирана едукација во институција од јавен карактер поддржана и финансирана од државата, се движат и во насока на развивање сеопфатни програми за едукација во повеќе сфери од кои како приоритети се наметнуваат развивањето модул за едукација на правото на Европската Унија и разни форми на едукативни активности во сферата на справувањето со организираниот криминал и корупцијата.

Зголемувањето на ефикасноста на судството претставува процес кој се состои од комплексни мерки и активности класифицирани во повеќе области. Во таа насока, краткорочен приоритет претставуваат измените во процесното законодавство и унифицирано решавање на прашањето на доставата во процесните закони.

Алтернативното решавање спорови претставува, исто така, една од можностите за намалување на бројот на предметите во судовите преку нивно вонсудско спогодување. Тоа го потврдуваат и искуствата во повеќе земји кои го познаваат овој систем на решавање спорови.

За забрзување на постапките пред судовите и поефикасно управување со судските предмети, Стратегијата предвидува интензивирање на имплементацијата на Проектот за правосудниот информационен систем со изведбените потпроекти што се однесуваат на сите сегменти на судството. Исто така, приоритет ќе претставува и поврзувањето на ИТ – системите на судството, јавното обвинителство, пенитенцијарните установи, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Републичкиот судски совет.

### 6. Јавно обвинителство

Со донесувањето на новиот Закон за јавното обвинителство значително е унапреден системот на јавно–обвинителската организација преку зголемувањето на самостојноста на јавно–обвинителската функција. Новините содржани во законот кои се однесуваат на воведувањето траен мандат за замениците јавни обвинители, предвидувањето одредба според која основни и виши јавни обвинители се избираат од редот на замениците јавни обвинители, востановувањето на Советот на јавни обвинители и неговите надлежности во именувањето, дисциплинската одговорност и разрешувањето на јавните обвинители и замениците јавни обвинители, формирањето одделение кое ќе постапува по предметите поврзани со организираниот криминал и корупцијата во голема мера ќе придонесат за зголемување на ефикасноста на јавното обвинителство во вршењето на функцијата на казнено гонење на сторителите на кривични дела.

Како натамошни приоритетни активности се наложуваат кадровското екипирање и материјалното опремување на одделението кое постапува по предметите поврзани со организираниот криминал и корупцијата, развивање на системот на континуирана едукација, донесување Закон за плати и разгледување на можноста за уставни измени во насока на намалување на влијанието на извршната власт при именувањето на јавните обвинители преку зајакнување на позицијата на Советот на јавни обвинители.

### 7. Анекси кон стратегијата

Дефинираните мерки и активности во Стратегијата за унапредување на положбата на институциите на пенитенцијарниот систем, јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот се насочени кон зголемување на институционалните капацитети и подигање на нивото на ефикасноста во остварувањето на нивната улога и функции. Така, реформата во пенитенцијарниот систем, меѓу другото, се насо–

чува кон обезбедување услови за натамошно унапредување на извршувањето на санкциите во согласност со меѓународните документи од оваа област; трансформација на Управата за извршување на санкциите и редефинирање на организационата поставеност на мрежата на казнено–поправните установи; подобрување на условите за престој на осудените лица во нив и на нивната техничка опременост; имплементација на одредбите од Кривичниот законик за алтернативните казни преку дефинирање на начинот на нивното извршување и др.

Во досегашното функционирање на Јавното правобранителство се констатирани одредени слабости. За нивно надминување во Стратегијата, меѓу другото, се дефинирани следниве мерки и активности: изготвување анализа за функционирањето на Јавното правобранителство и обезбедување поефикасно извршување на основната функцијата за заштита на имотните права и облиците на сопственост што имаат јавно–правен карактер; воспоставување задолжителна едукација и обука на носителите на јавно–правобранителската функција; изготвување нов закон за Јавното правобранителство кој ќе придонесе за надминување на постојните проблеми во функционирањето на оваа институција и др.

Во делот од Стратегијата посветен на адвокатурата се дефинирани мерки и активности кои имаат за цел унапредување на статусот и функционирањето на оваа значајна институција. Во тие рамки се потенцирани следниве потреби: донесување нов закон за адвокатурата кој доследно ќе ги изрази уставните определби, како и меѓународните и европските стандарди за адвокатурата и нејзините функции; гарантирање обештетување за штети предизвикани од несоодветно работење на адвокатите; изготвување програма за задолжителна континуирана едукација на адвокатите во областа на acquis communitaire; како и нова законска рамка за полагање соодветен испит и едукација на адвокатите, во зависност од решенијата за иницијалниот тренинг и условите за избор на судии.

Последниот анекс на Стратегијата се однесува на функционирањето на нотаријатот. Се предлага изготвување анализа за неговото досегашно функционирање и за можностите за законски измени со цел за натамошно унапредување на вршењето на нотарската дејност.

## II. Спроведување на стратегијата за реформа на правосудниот систем со анекси

Имплементацијата на предвидените активности во Стратегијата претставува потежок и посложен дел од реформата на правосудниот систем во Република Македонија. Доследното и ефикасно остварување на утврдените цели ќе биде еден од реперите за валоризирање на успешноста на нашиот пат кон евроатлантските структури. Инструментите преку кои се следи спроведувањето на Стратегијата се тримесечните и шестмесечните извештаи што ги усвојува Советот за реформа на правосудниот систем. Досега беа изготвени и усвоени еден тримесечен и два шестмесечни извештаи во кои се содржани реализираните мерки и активности чија временска рамка беше димензионирана во Акциониот план за спроведување на Стратегијата. Шестмесечните извештаи беа редовно доставувани до Собранието, Владата и до сите релевантни институции во правосудството. Исто така, Министерството за правда ја публикуваше Стратегијата и Првиот шестмесечен извештај за нејзиното спроведување во издание што беше достапно и на пошироката јавност.

Во спроведувањето на дефинираните активности најголем акцент беше ставен врз донесувањето на Амандманите на Уставот. Постапката за нивното донесување се одвиваше во три фази. За таа цел беше формирана работна група составена од претставници од Министерството за правда, од правосудните органи, политичките партии и од правната наука. Основа за изготвувањето на уставните амандмани беше анализата за досегашните слабости во функционирањето на нашиот правосуден систем и компаративното истражување на уставните одредби кои ја регулираат материјата за судската власт во дваесетина држави. Во рамките на првата фаза од донесувањето на уставните измени, Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија, на седницата одржана на 18 мај 2005 година. Во втората фаза, врз основа на насоките утврдени во Предлогот за пристапување кон измени на Уставот и дискусиите од комисиите и од седницата на Собранието, работната група ги изготви Нацрт–амандманите кои беа усвоени од Собранието на Република Македонија на 4 август 2005 година. Особено значајно е да се спомене богатата јавна расправа по Нацрт–амандманите.[2] Во неа

2) По завршената јавна расправа, Министерството за правда изготви сеопфатен извештај за нејзиниот целосен тек во кој беа содржани искажаните мислења и предлози од сите учесници.

3) Мислењето на Венецијанската комисија беше изготвено од тројца нејзини членови: господин Јамес Хамилтон од Ирска, господин Јан Мазак од Словачка и госпоѓа Ханна Суцкоцка од Полска.

учествуваа претставници на голем број државни органи, политички партии, здруженија на граѓани, универзитетски професори, како и странски експерти. Посебно треба да се истакне придонесот што со свои коментари по Нацрт–амандманите го дадоа ОБСЕ, Советот на Европа, Оценската експертска мисија на Европската комисија во Република Македонија, Регионалниот проект КАРДС 2003 и Проектот за модернизација на судството ДПК. Во оваа фаза од донесувањето на амандманите посебно внимание му беше посветено на мислењето на Венецијанската комисија[3], што го разгледуваше и го

**Во рамките на напорите за зголемување на ефикасноста на судството особено внимание се посветува и на решавањето на заостатокот на извршните граѓански предмети. За таа цел, во мај 2005 година беше донесен Законот за извршување со кој извршувањето на граѓанските пресуди се иззема од судска надлежност**

усвои на пленарната сесија одржана на 21 и 22 октомври 2005 година во Венеција. Во расправата на сесијата Нацрт–амандманите добија позитивна оценка, при што беше истакнато дека тие особено ќе придонесат за јакнењето на независноста на судството во однос на другите две власти. Заклучоците на Венецијанската комисија, како и мислењата, коментарите и сугестиите изнесени во рамките на целокупната јавна расправа[4] беа основа за изготвувањето на Предлог–амандманите, кои беа усвоени од Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 7 декември 2005 година. На оваа седница беше донесен и Уставниот закон во кој се утврдени роковите за донесување на соодветните закони.

Еден од клучните аспекти во рамките на реформата на правосудниот систем е и едукацијата на судиите и обвинителите. За таа цел беше донесен и Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Со него за прв пат кај нас е востановена почетна обука за кандидати за судии и обвинители, како специфичен систем за нивна селекција и влез во правосудството. Покрај оваа новина, во законот е нормирана и континуираната едукација на судиите и обвинителите. За Академијата се обезбедени и соодветни просторни услови и современа опрема.

Во рамките на напорите за зголемување на ефикасноста на судството особено внимание се посветува и на решавањето на заостатокот на извршните граѓански предмети. За таа цел, во мај 2005 година беше донесен Законот за извршување со кој извршувањето на граѓанските пресуди се иззема од судска надлежност. За практична реализација на овој закон беа донесени предвидените подзаконски акти[5] и беше реализиран првиот испит за извршители.[6]

Од другите закони предвидени во Стратегијата, усвоени се Законот за кривичната постапка (пречистен текст), Законот за заштита на сведоци, Законот за парнична постапка, Законот за дополнување на Кривичниот законик, Законот за извршување на санкции и Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет. Секако, операционализацијата на уставните амандмани во најголем дел ќе зависи и од квалитетот на решенијата што ќе бидат содржани во клучните закони кои ја регулираат материјата во областа на правосудството: Законот за судовите, Законот за судскиот совет на Република Македонија, Законот за прекршоците и Законот за управните спорови. Согласно планираната динамика тие ќе бидат донесени во вториот квартал оваа година.

4) Во јавната расправа што се одвиваше од 5 август до 5 октомври 2005 година беа одржани осум стручни расптрави, и тоа: три на подрачјата на апелационите судови, една во рамките на Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија и Републичкиот судски совет, стручна расправа во која учествуваа судии на Уставниот суд, експерти, универзитетски професори и претставници на Венецијанската комисија, како и три расправи организирани од Здружението на судии на Република Македонија, Форумот за евроатланска интеграција на Република Македонија (ФЕИМ) и Адвокатската комора на Република Македонија.

5) Во предвидените рокови беа донесени следниве правилници: Правилник за програмата и начинот на полагање на испитот за извршители; Правилник за начинот на водење на евиденцијата на извршителите; Правилник за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи; Правилник за формата и содржината на легитимацијата на извршителот и начинот на нејзиното издавање и одземање; Правилник за Тарифата за награда на извршителите; Правилник за формата и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување; Правилник за определување на бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на подрачјето на Република Македонија и Правилник за формата, содржината и употребата на налогот за извршување.

6) Од пријавени 82 кандидати испитот го положија 23.

# ПРИМАРНИ ДИЛЕРИ НА ПАЗАРОТ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Главната улога на примарните дилери е да партиципираат во примарниот пазар на државни хартии од вредност, на кој ќе обезбедат апсорпција на новоиздадените државни хартии од вредност и ќе ги дистрибуираат до крајните инвеститори, пред се до поширокиот пазар предоминиран од институционални инвеститори каде ликвидноста посебно се цени**

**Дарко Блажевски**

Дарко Блажевски е роден во 1976 година. Дипломирал во 1998 година на Економскиот факултет во Скопје на отсекот Деловна–бизнис економија, насока Финансиско–сметководствен менаџмент. Во моментов е на постдипломски студии од областа на Монетарната економија на Економскиот факултет во Скопје. Во Министерството за финансии е вработен од септември 2005 година, на позицијата виш соработник во Секторот за управување со јавен долг. Предходно работел во АД РАДОБАНК Скопје, почнувајќи од февруари 1999 како помлад референт во Секторот за управување со средства, а од декември 1999 преминува во Секторот за кредитирање каде работи како кредитен референт. Има посетувано курсеви и семинари во областа на банкарството, развојот на малите и средни претпријатија, финансиските деравативи и управувањето со јавниот долг. Одлично го зборува англискиот и германскиот јазик.

## 1. Вовед

Пред да започнеме со општата дискусија во врска со примарните дилери и поддржувачите на секундарниот пазар (маркет мејкери), неопходно е да се подвлече дека овие теми се јавуваат како резултат на развојот на домашниот финансиски пазар и на бројни поврзани достигнувања како подобрувањето на транспарентноста, зголеменото издавање на државни хартии од вредност, воведувањето на пазарот–прекушалтер и сл. Исто така, значаен настан во овој контекст е објавувањето на Стратегијата за управување со јавниот долг за период од 2006 – 2008 година (Службен весник на РМ бр.39/06), каде се елаборираат идните чекори за развој на домашниот пазар на државни хартии од вредност.

## 2. Дефиниција

Познато е дека основна цел на владиниот управувач со јавниот долг е да ги покрие потребите за позајмувањата што е можно поефтино и на што е можно пониско ниво на ризик. За да се постигне оваа цел, и примарните и секундарните пазари треба да бидат широки и ефикасни (ова особено се однесува особено на секундарниот пазар кој треба да биде длабок и ликвиден).

Постојат повеќе начини за да се постигне оваа цел. Еден од начините е да се назначи група на високо квалификувани финансиски фирми кои ќе ја играат улогата на специјализирани интермедијари – посредници на пазарот на владините државни хартии од вредност меѓу издавачот од една страна и пазарот



“Мислењата изразени во овој текст се на авторите и не мора во целост да ги претставува ставовите на Министерството за финансии”

од друга страна. Овие посредници имаат како обврски, така и привилегии: како возврат за директниот пристап на државните аукции и за другите бенефиции, тие возвраќаат со гаранција на издавачот за цврста, сигурна побарувачка на неговите хартии од вредност и развој на поефикасен и поликвиден секундарен пазар. Тие често се нарекуваат примарни дилери, но понекогаш за нив се употребува и референцата поддржувачи на секундарниот пазар (маркет мејкери) во зависност од тоа дали нивните обврски го опфаќаат и секундарниот пазар.

### 3. Улогата на примарните дилери во издавањето на државните хартии од вредност

Многу влади – издавачи ја креираа групата на примарни дилери од специјализирани посредници, со серија обврски и привилегии, со цел да помогнат во развојот на владиниот пазар на хартии од вредност. Главната улога на примарните дилери е да партиципираат во примарниот (издавачкиот) пазар на државни хартии од вредност, на кој ќе обезбедат апсорпција на новоиздадените државни хартии од вредност и ќе ги дистрибуираат до крајните инвеститори, пред се до поширокиот пазар предоминиран од институционални инвеститори каде ликвидноста посебно се цени. Покрај главната улога, примарните дилери можат да се јават и во улога на поддржувачи на секундарниот пазар (маркет мејкери) со тоа што обезбедуваат котирање на продажни и куповни цени на државни хартии од вредност со цел да се одржи ликвидноста на пазарот. Тоа значи дека инвеститорите ќе имаат поголема сигурност дека можат да купуваат државни хартии од вредност по цена блиска на пазарната цена. Поддржувачите на секундарниот пазар вообичаено одржуваат мало количество државни хартии од вредност на залиха, или може лесно да дојдат до нив, што значи дека тие секогаш можат да се справат со овој тип на побарувачка. Во зависност од начинот на кој се поставени, примарните дилери можат да донесат повеќе конкуренција и повеќе капитал на пазарот.

**Овие посредници имаат како обврски, така и привилегии: како возврат за директниот пристап на државните аукции и за другите бенефиции, тие возвраќаат со гаранција на издавачот за цврста, сигурна побарувачка на неговите хартии од вредност и развој на поефикасен и поликвиден секундарен пазар**

### 4. Обврски и привилегии на примарните дилери

*- Обврски*

Природата и контекстот на овие обврски и привилегии значително варира од земја во земја. Во некои случаи постојат финансиски компании кои ја играат улогата на примарни дилери без формално овластување, но сепак, со доза на официјална поддршка.

Обврските на примарните дилери, покрај учеството на аукциите, вообичаено варираат од земја во земја. Во таа смисла, некаде дилерите мора да почитуваат аукциони квоти; да се однесуваат како поддржувачи на секундарниот пазар или пак да и обезбедуваат на владата информации за пазарните услови.

1. Главната обврска на примарните дилери е да ја поддржат владата во продажбата на државни хартии од вредност. Владата создава група на примарни дилери главно за да го искористи нивниот дистрибуционен капацитет. Повеќето земји поставуваат барање од примарните дилери да запишат или, во најмала линија, да дадат понуда за одреден дел на државни хартии од вредност на аукцијата. Многу од нив, исто така, пропишуваат барање за квартал, година, или за минимум по аукција, што нормално е функција од големината на примарниот дилер или на неговото учество на секундарниот пазар. Други земји, пак, не назначуваат квантитативен износ и очекуваат од примарните дилери обврзно да настапуваат со понуди на аукциите. Степенот на ригорозноста на аранжманите зависи од пазарните услови и може да се менува низ времето. Пропишувањето стриктни барања за доставување понуди на аукциите кога пазарот е плиток, може да биде товар за некој од примарните дилери и сето тоа мора да се неутрализира со некоја привилегија, или друг вид мотивација.

2. Примарните дилери вообичаено настапуваат и како поддржувачи на секундарниот пазар (маркет мејкери). Аранжманите за поддржувачите на секундарниот пазар се со обврска да котират продажни и куповни цени на државни хартии од вредност и да ги набљудуваат специфичните маргини долж целата крива на приносот. Посебно кога пазарите се развиваат и ценовната нестабилност е висока, барањата од поддржувачите на секундарниот пазар не треба да се премногу ригидни, бидејќи примарните дилери можат да се соочат со значителни загуби и ќе се ослободат од активноста на поддржување на секундарниот пазар.

Едно од најтешките прашања за да се разреши аранжманот со примарните дилери е ширината на маргините и обемот на тргувањето. Ако маргините се премногу широки, обврската ќе стане безначајна и ликвидноста нема да се подобри. Ако маргините се

премногу тесни, а нестабилноста е висока, постои ризик пазарот да не привлече купувачи поради можните загуби. Големината на маргините, исто така, е во нераскинлива врска со обемот на тргувањето. Тргнувајќи од фактот дека поддржувачите на секундарниот пазар мораат да покријат некои фиксни трошоци (пред да направат профит), колку е поголем бројот на трансакциите, толку помала ќе биде маргината потребна да ги нивно покривање.

Со развојот на пазарот и намалувањето на нестабилноста, обврската за поддржување на секундарниот пазар може да биде намалена. Маргината може да се намали и бројот на државни хартии од вредност за кој дилерот е должен да котира продажни и куповни цени може да се зголеми. Дури и во земјите во развој, некои влади (како Чешката Република и Турција) се на стојалиштето дека на примарните дилери не треба да им се даваат некои специјални привилегии во размена за функцијата на поддржување на секундарниот пазар, бидејќи маргината веќе им обезбедува доволна награда. И во други земји (како Австралија и Нов Зеланд) се опстојува на стојалиштето дека, земајќи го во предвид рзвојот на пазарите, различните учесници и обемот на тргувањето, поддржувањето на секундарниот пазар треба да се развива по природен пат и владата не треба да обезбедува никакви специјални поттикнувања во оваа насока.

3. Третата главна обврска на примарните дилери е да го обезбедуваат издавачот на државни хартии од вредност со информации за состојбите на пазарот и пазарните преференци. Информациите можат да бидат разменувани меѓу примарните дилери и владините претставници. Во почетните фази на развојот, примарните дилери можат да даваат извештаи до издавачот на месечно ниво, а со созревањето на пазарот, поретко известување ќе ги задоволува потребите.

*- Привилегии*

За возврат на претпоставените обврски, примарните дилери можат да добијат и бројни привилегии. Тие се присутни со најголема оправданост кај земјите во развој со пазари кои ги карактеризира нестабилноста. Со созревањето на пазарите, оправданоста за постоење на привилегиите се намалува и издавачот треба да биде подготвен постепено да ги исклучува. На развиените пазари, владата треба да избегнува да им дава на примарните дилери посебни привилегии, освен да им го признае нивниот специјален наслов, односно статус, или пак да добиваат некои предности кои ќе произлезат од информациите што ќе ги стекнат од средбите со одговорните тела во Министерството за финансии или во Централната банка. Останатите привилегии, дискутирани подолу, треба да бидат ограничени само за раните фази на пазарниот развој.

На примарните дилери им се дава ексклузивното право да учествуваат на редовните аукции на државни хартии од вредност, како и можноста да учествуваат во делот за неконкурентните понуди. Понекогаш, исто така, им се дава ексклузивно право да бидат примарни дилери за централно банкарските операции на монетарната власт.

На тој начин, се здобиваат со можност да изведуваат поширок опсег на активности во однос на другите дилери, како што е развојот на девизниот пазар во делот на купопродажбата на девизни средства, репо операции дефинирани преку генерален репо договор и кредитни линии за примарните дилери. Сепак, треба да се има во предвид и опасноста дека стимулациите преку привилегии на група институции е Дамаклов меч, при што владата во името на една цел го обесхрабрува пазарното учество на другите институции и со тоа влијае на слабеењето на долгорочниот пазарен развој.[1]



## 5. Предности и недостатоци на примарните дилери

*- Предности*

Главните цели кои се постигнуваат со воведувањето на примарните дилери се следниве:

1. Да се осигура максимално учество на аукциите на државни хартии од вредност на примарниот пазар;

1) Репото и позајмувањето на државни хартии од вредност се важни инструменти со кои се подржуваат дилерските операции, без оглед дали станува збор за примарни дилери или не. Позајмувањето државни хартии од вредност се користи од пазарните учесници за да ја покријат кратката позиција (продажба кога продавачот не поседува државни хартии од вредност) и во праксата е препорачано како метод за минимизирање на порамнувачкиот ризик. Овој тип на операции единствено имаат употребна вредност во многу раните развојни фази на пазарот на државни хартии од вредност.

2. Да се подобри ликвидноста на секундарниот пазар преку системот на поддржување на секундарниот пазар, со што индиректно ќе се подобри функционирањето и на примарниот пазар, а со тоа како крајна цел ќе се подобрат условите по кои владата може да го финансира својот дефицит;

3. Поопшта цел е зголемувањето на конкуренцијата. Особено ако на странските фирми им е дозволено да функционираат како примарни дилери, тие може да имаат ефект, прво, од доведувањето повеќе капитал на пазарот и второ, преку зголемената конкуренција, да ги намалат провизиите или да ги стеснат маргините, со што ќе поефтинат дилинг трошоците на секундарниот пазар, а со тоа индиректно ќе се стимулира примарниот пазар.

*- Недостатоци*

Постојат, меѓутоа, и некои аргументи на другата страна кои треба да се измерат пред да се воведе системот на примарни дилери. Главниот ризик е во тоа што новиот аранжман има карактеристики на неконкурентност. Примарните дилери се надеваат на заработувачка со нивната олигополска позиција како посредници меѓу издавачот и пазарот, па постои опасност од заговорништво, особено доколку е мал бројот на прифатените учесници за примарни дилери. Создадениот картел може:

1. Да врши надолен притисок врз цената на аукцираните државни хартии од вредност со формирање на понудувачки прстен, со намера подоцна да ги продаваат државни хартии од вредност по повисоки цени;

**Обврските на примарните дилери, покрај учеството на аукциите, вообичаено варираат од земја во земја. Во таа смисла, некаде дилерите мора да почитуваат аукциони квоти; да се однесуваат како поддржувачи на секундарниот пазар или пак да и обезбедуваат на владата информации за пазарните услови**

2. Да има високи трошоци на посредување, со што ќе се намали побарувачката од крајните инвеститори.

Заканата од неконкурентното однесување може да предизвика сериозен проблем. Сознанијата укажуваат на фактот дека не е едноставно да се детектира оваа пракса и да се превземат соодветни мерки, иако многу може да се стори со блиско анализирање и објавување на резултатите од аукциите и со темелно набљудување на однесувањето на индивидуалните фирми. Сепак, тргнувајќи од искуството на голем број земји се доаѓа до заклучокот дека предностите на системот на примарните дилери ги надминуваат неговите недостатоци.

Примарните дилери се само еден начин за дистрибуирање на државни хартии од вредност. Всушност, иако многу од развиените земји го употребувале системот на примарни дилери на одреден степен на развој на нивниот пазар на државни хартии од вредност, постојат примери и за земји кои успеале да развијат ефикасен и разновиден финансиски пазари и без нив. Развојот на електронското тргување и Интернет можат да одиграат историска улога во издавањето и апсорпцијата на државни хартии од вредност и со текот на времето да ја намалат улогата на примарните дилери на пазарот на државни хартии од вредност.

## 6. Критериуми за избор на примарен дилер

*- Финансиски капацитет*

Критериумите за избор на примарен дилер вообичаено вклучуваат проценка на финансиски капацитет на пазарниот учесник кој се мери преку адекватноста на капиталот, адекватноста на менаџерските вештини, техничкиот капацитет, активното присуство на пазарот согледано преку учеството во тргувањето со државни хартии од вредност и подготвеноста да доставува информации до властите.

Барањата за финансискиот капацитет се суштински, посебно кога примарниот дилер ја има обврската за котирање на продажни и куповни цени на државни хартии од вредност со што се изложува на големи пазарни ризици. Затоа, со цел да се одржи пазарната ефикасност, критериумите за селективност треба да се ревидираат и да се адаптираат на потребите.

Постојат повеќе критериуми кои се однесуваат на финансискиот капацитет, но најважните се однесуваат на учеството во аукциите, обемот на тргување и можноста за котирање на продажни и куповни цени на државни хартии од вредност. Во врска со учеството во аукциите, постои препорака показателот да се мери повеќе преку пресметка на одобрени понуди, отколку преку вкупниот обем на понуди (одобрени и неодобрени). Конечната проценка се базира на индекс формиран од серија на спомената квантитативни индикатори.

*- Супервизорски критериуми*

Ниту еден примарен дилер не треба да биде одобрен, освен ако не ги задоволи супервизорските критериуми. За таа цел, критериумите за селекција на примарните дилери треба да бидат поставени што е можно потранспарентно. На тој начин, кандидатите ќе бидат свесни за потенцијални обврски што ќе ги

носат, а исто така, ќе им се овозможи на останатите пазарни учесници кои ќе ги задоволат овие критериуми да бидат земени во предвид при изборот на идни примарни дилери.

Некои земји при изборот на примарните дилери воведоа квоти како метод што ќе обезбеди учество на различни типови на институции меѓу примарните дилери. Оправданоста за оваа постапка се наоѓа во предноста од создавањето диверсифицирана база на примарни дилери од различни деловни и потрошувачки средини. На пример, одреден процент на лиценци за примарни дилери се распределува согласно учеството на одредени типови на институции (комерцијални банки, осигурителни куќи, инвестициони фондови и сл.). Во рамките на секоја група, примарните дилери се селектираат врз основа на предходниот критериум. Надвор од овој процент, останатите примарни дилери се селектираат исклучиво врз основа на предходниот критериум без оглед на типот на институцијата.

*- Пробен период*

Многу важен фактор за да се одржи конкурентен пазар на примарни дилери е влезот на нови учесници кои ќе ги предизвикаат постојните, особено доколку постојните се обидуваат да ја искористат олиголскaта предност. Затоа, некои земји користат пробен период во кој заинтересираните институции само условно се однесуваат како примарни дилери. По овој период, оние кои биле активни согласно предходно договорените критериуми формално се назначуваат за примарни дилери за одредено време, кое се движи во рок од една до две години. Останатите институции можат да продолжат да аплицираат за да станат примарни дилери. По изминувањето на дефинираниот временски рок (една или две години), листата на назначените примарни дилери е подложна на ревизија, со што им се овозможува на најактивните аутсајдери кои ги задоволуваат изборните критериуми да ги заменат релативно неактивните примарни дилери.

## 7. Искуството на Република Македонија

Македонскиот пазар на државни хартии од вредност има кратка историја со почеток од 2004 година, со скромно портфолио и карактеристики на речиси неразвиен секундарен пазар на државни хартии од вредност. Но сепак, досегашното искуство, меѓународната пракса и теоретските концепти се доволни за отпочнување на иницијативата за воведување на посредници на пазарот на државни хартии од вредност кои ќе го подобрат неговиот развој.

Постапката на воведувањето посредници на пазарот на државни хартии од вредност предвидува првенствено дефинирање на примарни дилери на примарниот пазар, а потоа одбирање на поддржувачи на секундарниот пазар (маркет мејкери).

Активности по поединечна банка во свое име и во име на клиентите




Период: јули 2005 – април 2006 Извор: Министерство за финансии

Сегашната состојба на примарниот пазар на државни хартии од вредност ги опфаќа Договорите за учество на примарен пазар на државни хартии од вредност склучени помеѓу Министерството за финансии, Народната Банка на Македонија и сите активни банки во РМ, при што никој од нив нема специјални привилегии или обврски, освен да го почитува Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност (Службен весник на Р. Македонија бр. 99/05).

**До конечното воведување на примарните дилери (планирано за 2007 година), се очекуваат активности од Министерството за финансии во повеќе фази кои опфаќаат мониторинг на банките на аукциите во периодот од мај до ноември 2006 година, поширока анализа на развојот на пазарот на државни хартии од вредност и зголемување на свеста на банките за значењето на концептот на примарните дилери**

Со цел да се прикаже ефектот од ваквиот тип на организираност на примарниот пазар во продолжение се прикажани резултати од активностите по поединечна банка во свое име и во име на клиентите.

Може да се заклучи дека три банки во презентираниот период не забележале никаква активност, а над 5% од вкупната активност во свое име имаат само пет банки, додека над 5% од вкупната активност во име на клиент имаат само девет банки.

Покрај ова, може да се забележат големи дискрепанци меѓу банките учеснички, додека за попрецизна анализа со цел оценување на вистинскиот момент за воведување на примарните дилери и во вистинскиот број потребна е и паралелна анализа за учеството на банките на пазарот на благајничките записи.

Токму затоа, како еден позитивен тренд во оваа година можеме да го сметаме воведување државни хартии од вредност за монетарни цели. На тој начин ќе започне намалувањето на досегашната сегментација на пазарот на хартии од вредност што ќе овозможи банките да го напуштат конзервативниот пристап во пласманот на вишокот на ликвидноста, а од друга страна подолгата рочност на овој инструмент ќе влијае врз развојот на секундарниот пазар.

**Реформата на пензискиот систем претставува позитивен тренд, бидејќи со појавата на пензиските друштва како инвестициони инвеститори на пазарот, се зголемува интересот за среднорочните и долгорочните државни хартии од вредност на примарниот пазар, а од нив се очекува и поголема активност и на секундарниот пазар во оформувањето на нивното портфолио**

Исто така, реформата на пензискиот систем можеме да ја сметаме за позитивен тренд, затоа што со појавата на пензиските друштва како инвестициони инвеститори на пазарот, ќе се зголеми интересот за среднорочните и долгорочните државни хартии од вредност на примарниот пазар, а од нив се очекува и поголема активност и на секундарниот пазар во оформувањето на нивното портфолио.

Сепак, до конечното воведување на примарните дилери (начелно планирано за почетокот на 2007 година), се очекуваат активности од Министерството за финансии во повеќе фази кои опфаќаат:

1. Мониторинг на банките на аукциите во периодот од мај до ноември 2006 година;
2. Поширока анализа на развојот на пазарот на државните хартии од вредност;
3. Зголемување на свесноста на банките за значењето на концептот на примарните дилери преку статии, поединечни средби и презентации кои ќе се организираат на Пазарниот Комитет.

Последниот чекор во низата активности е подготовката на попрецизни критериуми за дефинирање на примарните дилери преку следење на:

- обемот на учеството на банките на аукциите;
- бројот на опслужени клиенти;
- редовноста на присуството на банките на аукциите на примарниот пазар;
- висината на провизиите поставени за своите услуги;
- покажаниот интерес од банките учеснички;
- учеството на секундарниот пазар.

Дури по финализирањето на овие чекори, Министерството за финансии на Република Македонија ќе биде во состојба да назначи неколку банки да ја извршуваат функцијата на примарни дилери.

Користена литература

1. Primary Dealers in Government Securities Markets, Robin McConnachie, Centre for Central Banking Studies, Bank of England, May 1996

2. Developing government bond markets: a handbook, The International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank and International Monetary Fund, July 2001

3. Macedonia: Development of the Debt Management Function, Brian Olden, Theo Thomas, Selim Cakir and Mike Williams, September 2004.

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

## Почитувани граѓани,

Согласно со Календарот за емисија на државни хартии од вредност за 2006 година, следната аукција на државни хартии од вредност ќе се одржи на 6-ти јуни 2006 година, при што, Министерството за финансии ќе емитува 3-месечни и 6-месечни државни записи.

Агент на државата во врска со емисијата на државните хартии од вредност е Народната банка на Република Македонија.

Аукциите за државните хартии од вредност се одвиваат согласно со досега важечките услови и процедури, односно, државните хартии од вредност се продаваат на аукции, на кои директно можат да учествуваат само банките од Република Македонија, а останатите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица на аукциите можат да учествуваат индиректно, односно преку банките. На web страницата на Министерството за финансии е приложена информација (табела) за провизиите што банките им ги наплатуваат на индиректните учесници за купување на државни записи на примарниот пазар.

Номиналната вредност на еден државен запис е 10.000,00 денари, а каматната стапка се одредува пазарно, во зависност од понудата и побарувачката. Државните записи се издаваат и исплатуваат по номинална вредност, а се уплатуваат по дисконтирана вредност.

За подетални информации, ве молиме, посетете ја web страницата на Министерството за финансии: www.finance.gov.mk или јавете се на следниве телефони: 3106-293, 3106-381 и 3106-171.

| | |
|---|---|
| **Датум на одржување на наредната аукција на 3-месечни државни записи:** | **06.06.2006** |
| Време на прием на понуди: | **11:00-12:00** |
| Тип на тендер: | **Тендер со максимална каматна стапка минимална цена (американски тип)** |
| Износ во денари: | **1.150.000.000 (од кои 900.000.000 се за монетарни цели)** |
| Ознака на аукција: | **Д32006/11-91** |
| Датум на уплата: | **07.06.2006** |
| Достасување (во денови): | **91** |
| Датум на достасување: | **06.09.2006** |
| Максимална каматна стапка: | **7,50 %** |
| | |
| **Датум на одржување на наредната аукција на 6-месечни државни записи:** | **06.06.2006** |
| Време на прием на понуди: | **11:00-12:00** |
| Тип на тендер: | **Тендер со максимална каматна стапка минимална цена (американски тип)** |
| Износ во денари: | **300.000.000** |
| Ознака на аукција: | **Д32006/06-182** |
| Датум на уплата: | **07.06.2006** |
| Достасување (во денови): | **91** |
| Датум на достасување: | **06.12.2006** |
| Максимална каматна стапка: | **8,00 %** |

Формула за пресметување на цената на еден државен запис: Ц=100џ1/Ш1+(КСџН/36.000)Ќ; КС–каматна стапка; Н–број на денови на достасување. Дисконтираниот износ, што треба да се уплати, се добива кога цената (Ц) ќе се помножи со износот со кој се аукцира и потоа ќе се подели со 100. Каматата, пак, претставува разлика меѓу аукцираниот и дисконтираниот износ.

Пример 1: При каматна стапка од 7,50% за 3-месечен запис, за аукциран износ од 1.000.000 денари, цената изнесува 98,1394, а соодветно на тоа дисконтираниот износ што треба да се уплати е 981.394 денари. Приносот по основа на камата, за 3 месеци, изнесува 18.606 денари. На годишно ниво, каматата би изнесувала 74.424 денари.

Пример 2: При каматна стапка од 8% за 6-месечен запис, за аукциран износ од 1.000.000 денари, цената изнесува 96,1128, а соодветно на тоа дисконтираниот износ што треба да се уплати е 961.128 денари. Приносот по основа на камата, за 6 месеци, изнесува 38.872 денари. На годишно ниво, каматата би изнесувала 77.744 денари.

**ПОДГОТВУВА И ИЗДАВА** — **МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ул. „Даме Груев“ 14, 1000 Скопје,
Тел: (389) 02 117 288, Факс: (389) 02 117 280
Интернет адреса: **http://www.finance.gov.mk**

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК** — М–р Никола Поповски

**ЗАМЕНИК ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК** — Дејан Рунтевски
dejan.runtevski@finance.gov.mk

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР** — Снежана Делевска
Љупка Миндошева

**ТЕХНИЧКИ СОРАБОТНИК** — Ѓултен Далиповска

**ПЕЧАТИ** — Трио Графика, Скопје

**ТИРАЖ** — 500 примероци

**ПРЕВОД** — Жана Шокаровска
Маја Петровска



**ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА,**
**ГИ МОЛИМЕ КОРИСНИЦИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА ГО НАВЕДАТ ИЗВОРОТ**



ISSN 1409 - 9209
Билт. Минист. Финанс.
1/2–2006